**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Единаесеттото продолжение на Триесет и шеста седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 април 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Продолжуваме со работа по 36-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Валентина Божиновска, Весна Јаневска, Фијат Цаноски, Оливер Шамебевски, Владо Бучковски, Славица Георгиевска, Никола Поповски, Тале Герамичиоски, Радмила Шекеринска, Марјан Додовски, Абдулади Вејсели и Илинка Митрева ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот на гласање, да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Претресот по - **Предлогот за донесување на закон за Совет на јавни обвинители на Република Македонија,** е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за Совет на јавни обвинители.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви на на Собранието ќе му достави Предлог на закон за Совет на јавни обвинители на Република Македонија, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата од седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата од Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикува да гласаме.

За предложениот заклучок гласале 64 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на закон за спречување на перење пари и други приноси од казиниво дело и финансирање на тероризам**

Предлогот за донесување на законот и извештајот на Законодавно правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Молам кој бара збор?

За збор се јави заменик министерот за финансии, господинот Предраг Трпевски, повелете.

**Предраг Трпевски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Потребата за донесување на овој закон е утврдена врз основа на Акциониот план за европско партнерство која ја наметна потребата за негово усогласување со релевантните меѓународни инструменти.

Предложениот закон е хармонизиран со одредбите од Варшавската конвенција, Третата директива на Европската унија, како и 40-те специјални препораки за спречување на финансирање на тероризам.

Донесувањето на овој закон се наметна како приоритет со оглед на потребата да се регулираат одредени односни кои не беа регулирани со постојниот закон за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело.

Со овој Предлог се применува Дирекцијата за спречување на перење на пари во Биро за спречување перење на пари и финансирање на тероризам.

Владата во борбата против организираниот криминал и тероризмот, со овој Предлог ги определува сите мерки кои се однесуваат на перење на пари, да се применуваат сите мерки и за спречување на финансирање на тероризмот.

Како новина се воведува обврската, сите банки, сите брокерски куќи и оние институции кои имаат дозвола за работа со хартии од вредност, да го пријавуваат тргувањето со хартии од вредност, чиј износ надминува над 30 илјади евра.

Заради доследна примена на одредбите од меѓународните конвенции, со овој Предлог се предвидени две привремени мерки. Првата е запирање на самата трансакција, а втората е привремена заплена на парите или имотот што се предмет на таа трансакција. Овие мерки ги определува судот и тоа во кратки рокови, заради нивната чувствителност и заради засегањето на правата и материјалните интереси на самите клиенти.

Имајќи ја предвид сензитивноста на оваа материја, Владата предлага овој закон да се усвои во две фази.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Соња Ѓелова-Стојанова, повелете.

**Соња Ѓелова-Стојанова:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги.

На самиот почеток би сакала да ја изразам својата искрена безрезевна подршка за законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на трероризам.

Морам да истакнам дека денес носиме еден од најкруцијалните закони од областа на финансиската сфера за кој сметам дека требаше да биде донесен уште многу одамна. Тоа е уште еден закон низ кој се отсликуваат искрените интенции на Владата на Република Македонија, конечно да се застане на патот на корупцијата и да се спречат многу, така да ги наречам, матни трансакции.

Сметам дека овој закон е од исклучително значење за напредокот на Република Македонија кон НАТО и Европската унија. Имено, како што и наведе господинот од Владата, Собранието треба да го усвои овој закон со цел да се постигнат неколку цели, како што се: исполнувањето на обврската кон Европската комисија, определена како мерка број 5.172 од Акциониот план за европско партнерство; да се усогласи домашната регулатива со регулативата на меѓународната заедница, што произлегува од Варшавската конвенција; Третата директива на Европската унија, како и 40-те ФАТАВ препораки, заедно со 9-те специјални препораки за спречување на финансирање на тероризам.

Мојот став за подршка на овој закон го формирав врз основа на неколку факти.

Како што наведов претходно, овој закон е мерка која ја превзема Владата на Република Македонија во борба против организираниот криминал.

Како што знаеме, перењето пари е еден од најсофицираните видови на организиран криминал, кој доколку не се спречи овозможува криминалците да уживаат во приносите стекнати со извршување на кривично дело, како и експанзија на нивните активности. Токму поради овие факти сметам дека не траба да постои несигурност или двоумење кај нас кога треба да го подржиме овој закон кој има задача да го спречи или сузбие организираниот криминал.

Сега би сакала малку да се навратам на некои од решенијата кои ги нуди овој закон.

Овој закон најпрвин дава дефиниција на неколку одновни поими кои се во врска со проблематиката на перењето на пари, како што се принос од казниво дело, имот, финансиска институција, готовинска трансакција, краен корисник, клиент, давање услуги за правни лица, деловен однос, пари и електронски пари, привремени мерки и друго.

Понатаму со овој закон се утврдува Бирото, за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, како орган во состав на Министерството за финансии, одговорен за спречување на перењето на пари и други приноси од казниво дело, како и за финансирање на тероризам.

Следно е дефинирањето на субјектите кои всушност се најважната алка во борбата на корупцијата, односно тоа се лицата кои треба да ги откриваат и пријавуваат сомнителните случаи. Имено, како субјекти се јавуваат финансиските институции и службените и одговорни лица кај нив, правни и физички лица кои се занимаваат со промет на недвижности, ревизија и сметководство, нотарски, адвокатски и други правни услуги, дејности на промет со акциони стоки, друштва за приведување игри на среќа, странски претставништва, подружници и делови на финансиски институции и филијали на банки регистрирани во странство, а вршат дејност во Република Македонија, даватели на услуги на правни лица, како и разни здруженија на граѓани.

Како мерки и дејствија кои овие субјекти треба да ги превземат се: анализа на своите клиенти, следење на одредени трансакции, собирање, чување и доставување на податоци за сомнителните трансакции како и воведување на внатрешни програми за имплементација на мерките и дејствијата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам. Имено, финансиските институции треба да ги пријавуваат сите трансакции над 15 илјади евра, како и да се трудат да добијат што повеќе информации за клиентот и крајниот корисник на средствата, да ги пријавуваат трансакциите кои се сомнителни, или кај кои нема идентификација при зголемен ризик при перење на пари, да ја засилат контролата врз клиентите, па дури и да одбиваат извршување на трансакции, ако немаат доволно информации или пак се сомнителни. Истото важи и за Царинската управа, менувачниците и брокерските куќи.

Со овој закон, исто така се забранува можноста за отворање на анонимни сметки, како и соработка со така наречените банки школки, или пак банки кои се соработници со банки школки.

За сите претходно наведени случаи субјектите се должни итно да го информираат Бирото, притоа не грижеејќи се поради фактот дека се оддаваат доверливи информации, па дури и деловни тајни, со оглед на фактот дека овие информации смеат, а воедно можат и да послужат исклучително за сузбивање на перење на пари или финансирање на тероризам. Имено, податоците и извештаите што ги прима анализата и ги обработува Бирото, имаат својство на службена тајна и нејзините службеници можат да ги искористат за други цели, освен за целите утврдени со овој закон. Меѓутоа, каналот на информации е двонасочен, што значи Бирото е должно, од друга страна,

најмалку два пати годишно да враќа информација до субјектите по однос на предметите кои тие им ги доставиле.

При постоење на основното сомневање по однос на примените инфорамации од субјектите, Бирото поднесува барање за привремени мерки, до надлежниот Јавен обвинител кој мора итно, во рок од 24 часа, да се произнесе и да ги одобри овие мерки со кои се врши запирање на трансакцијата, како и запленување на парите или имотот.

Понатаму, овој закон се дифинира и можноста Бирото да склучува договори за соработка со овластени тела на други држави односно меѓународана соработка.

Бирото, во рамките на меѓународната соработка, податоците добиени врз основа на овој закон може да ги достави спонтано или по нивно барање и под услови на реципроцитет, до овластените тела и организации на други држави, како и до меѓународните организации кои се занимаваат со спречување на перење на пари и финансирање на тероризам.

Дека овој закон ќе профункционира и ќе се применува, гарантираат прекршочните санкции дефинирани во членовите 51, 52, 53 и 54 кои навистина не се мали и стимулативно ќе делуваат врз сите засегнати субјекти, како физички така и правни лица. Но, она што навистина е за поздравување во овој закон, се мерките кои се поставени за спречување на финансирање на тероризмот кој зема се поголем замав во светски размери и полека се развива во најголемиот проблем на 21 век. Со овој Предлог тие се подигаат на ниво кое по значење е еднакво на нивото на мерките за спречување на перење на пари.

Прифаќајќи ги и разработувајќи ги мерките на ФАТАВ, Владата активно се влучува и ја подржува борбата против тероризмот на глобално ниво.

Сметам дека Владата на Република Македонија траба да се подржи во иницијативата за проширување на надлежностите на Бирото за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам.

Доделувањето на надлежност за вршење на надзор само го зајакнува веќе поставениот систем за контрола и надзор и го затвора односно ја надополнува областа каде таа контрола затајува.

Господа пратеници, за да може Бирото да ги исполнува своите права и должности, за да може да го спречува чистењето на валканите пари преку финансискиот систем на Република Македонија, должни сме да му поделиме соодветни и проактивни надлежности.

Со донесувањето на овој закон, определени правни празнини на законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело, кои ги посочи практиката, ќе се уредат, а исто така и обврските кои ги превзедовме кон Европската комисија, ќе ги исполниме.

На крајот, ако имам некоја забелешка на овој закон, тоа е само фактот дека не е донесен многу порано. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Има збор пратеничката Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани пратеници,

Поради глобалноста на феноменот перење пари во светски размери, потребно е Република Македонија како држава заинтересирана и за збиднувањата внатре во државата, но и за евроинтегративните процеси, да ги следи сите активности кои значат борба против овој глобален феномен. Токму заради тоа верувам дека на колегите пратеници им е познато, но и на оние што не им е познато, уште во 2004 година го донесе законот за спречување перење на пари и други приноси од казниво дело. Тогаш и во рамки на Министерството за финансии беше формирана Дирекцијата за перење на пари, беше избран директор и во овој изминат период, навистина заживеа активноста на Дирекцијата, со настојување да се исполнуваат законските одредби, така како што се предвидени. Но, токму поради глобалноста на феноменот, поради тоа што оние што се обидуваат да перат пари секогаш се пред законодавствата. Има потраба и од побрзо менување на законодавствата, усогласување, со цел оваа борба за спречување на перење на пари да биде поактивна. Токму како резултат на тој феномен и во рамки на Европската унија, огромна е динамиката на препораки и други акти кои се носат со цел да се доуреди овој феномен и да се спречи перењето на пари. Ние како земја кандидат за членство во Европската унија имаме интерес сите тие препораки и директиви што се носта, што е можно побрзо да ги внесеме и тие да станат дел од нашето законодавство. Токму како резултат на овие прашања се јавува потребата за изменување на Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело. Значи, не затоа што немаме закон, туку затоа што во пракса се покажува потреба да се прават одредени измени, со цел текстот да се подобри. Тука е и прашањето за финансирање на тероризмот што исто така е светски феномен, за кој борбата е постојана, од страна на државите во светот кои на глобално ниво се борат против тероризмот и добро е што Република Македонија, во рамките на овој закон ќе вгради и одредби кои се однесуваат на финансирање на тероризмот.

Јас ќе го искажам и ставот на СДСМ, бидејќи како пратеничка група ќе го подржиме овој закон и добро е што законот поради сложеноста на материјата што ја уредува ќе се носи во две фази. Ова е прва фаза и ние ќе го подржиме текстот во оваа фаза. Но, сакам да напоменам дека едно е прашањето на носење на законот, а

второто прашање кое според мене е многу поважно, е прашањето за имплементацијата.

Со оглед на надлежностите на Дирекцијата, или сега согласно законот се предвидува Биро за спречување на перење на пари и други приноси од казниви дела, значи надлежностите на Дирекцијата или Бирото се големи.

Сакам да напоменам дека самата имплементација треба да покаже дека оваа борба за спречување перење пари се води законито, објективно, непристрасно од политички или други интереси, туку се води на еден објективен начин, кој значи спречување перење пари спрема сите оние кои се обиделе или настојуваат на овој начин да функционираат во финансискиот промет. На ова прашање треба сите заедно да поработиме, заради тоа што слективниот пристап во работењето на Дирекцијата понатаму продолжува со селективен пристап и работа во Јавното обвинителство и на крајот со завршница во судството, која само ќе каже дека можеби ние како држава се бориме против перењето пари, но необјективно и на селективен начин. На тоа треба најмногу да работи власта, значи Владата, за да покаже дека овој закон во пракса дава резултати. Благодарам.

**Љубша Георгивски:** И јас ви благодарам.

Збор има Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас само накратко би сакала да ги искажам односно малку да го коментирам законот, затоа што е во прва фаза. Прво, да не се добие впечаток дека Република Македонија за прв пат донесува ваков закон. Република Македонија во претходниот парламентарен состав 2004 година го донесе Законот за спречување и перење на пари, затоа што беше една од подготовките или обврските кои што требаше да ги исполниме за ратификација на Коневенцијата од Палермо, со протоколите. Значи, ние имаме ваков закон и секако имаме орган кој што ќе работи на планот на спречување на перење на пари и приносите од казниви дела.

Бидејќи, меѓувреме секако се покажале и слабости или правни празнини по ова прашање, а знаете дека неодамна ја ратификувавме и Конвенцијата за спречување на финансирање на тероризам, неопходно е донесување на измена или еве уште подобро е вака донесување на еден интегрален текст во кој што се содржани одредбите од стариот Закон и секако новите работи кои што треба да се вградат, а кои што се содржани во ова меѓународна конвенција што сме ја ратификувале.

Она што сега јас би сакла како моја забелешка да го искажам по овој закон е тоа што во првиот Закон односно во основниот Закон, орган за спречување на перење на пари беше Дирекцијата. Сега, орган за спречување на перење на пари е Бирото. Поставувам прашање, зошто го менуваме називот на органот, ако се има предвид дека статусот воопшто не се менува. И Бирото и Дирекцијата се во состав на Министерството за финансии и директорот на Бирото или Дирекцијата претходно го именуваше Владата и според Законот за органите на управување, јас мислам дека посоодветен, како правник ќе речам Бирото и Дирекцијата имаат исто ниво, но според мене посоодветно, имајќи ги предвид надлежностите кои што ги има во членот 4 наведени Бирото, до сега Дирекцијата, според мене посоодветно е да си остане и натаму називот на овој орган Дирекција.

Она околу кое што сакам да ја искажам забелешката е, бидејки директорот на еден ваков орган, многу важен за мене, во период кога навистина сите имаме општ консензус за борба против корупцијата, мислам дека треба да бидат условите за негово именување утврдени со закон. Овде во членот 3 не гледам такво нешто и затоа би предложила во Предлогот на законот за директор на Бирото и повторно претендирам да си остане Дирекцијата, затоа што ништо квалитетно не се менува, само се менува називот. Значи, во членот 3 да бидат утврдени условите за именување на директор. Добро е што се разграничени престанокот на мандатот и разрешувањето, што значи едни се условите за престанок на мандатот на директорот, други се за разрешување. Она што сакам како забелешка да го истакнам во членот 3 е еден од условите, а тоа е алинеја 5 за престанок на мандатот на директорот на Бирото е во случај кога е осуден за казниво дело, бидејќи имаме низа одлуки на Уставен суд, со кои што не упатуваат дека за да се биде разрешен од носителот на одредена функција, треба да е осуден со правосилна судска пресуда. Тоа е она што го давам како забелешка.

Мислам дека предлагачот треба да подразмисли да не менуваме само замо заради менување дали ќе е Биро или Дирекција, воопшто не се менува квлаитативно, па затоа јас сметам дека треба да остане како Дирекција, затоа што таа профункционира, отпочна со работа. Не се јакне во ништо капацитетот со менувањето на називот на органот.

**Љубша Георгивски:** Збор има господин Лазар Китановски, повелете.

**Лазар Китановски:** И јас ќе го подржам законот, како што кажаа неколку пратеници од СДСМ, само со неколку напомени, кои мислам дека ќе користат и на предлагачот, но и заради јавноста. Почитуваната пратеничка кога зборуваше како сега ние прв пат да се сретнуваме со ова прашање, што не е точно. Можеби ние немавме комплетна регулатива. До сега борбата против перењето пари, а во врска со тероризмот глобално во рамките на безбедносните служби. Јас ќе зборувам во период од самостојувањето до денес, навистина, неколку повеќе успешни операции, со кој практично се спречи да се финансира тероризмот во Република Македонија преку сомнителни финансиски трансакции. Проблемот е во тоа што оваа активност, оваа дејност постојано се менува, во смисла се

модернизира. Добро е што сега има и законска рамка, која од еден друг аспект ќе ја следи оваа проблематика, а мислам дека законот треба на некој начин да најде комуникцаија со безбедносните служби, пред се со Управата за безбедност и контраразузнавање и со Агенцијата за разузнавање, бидејќи само со заедничко делување може да се спротивставиме на ова зло, кое денес станува се подоминантно од овој тип на криминал.

Она што мислам дека е многу потребно за Република Македонија, тоа е обуката. Тоа мислам дека е она што недостасува. Бидејќи, толку се тие софистицирани нови методи кои се употребуваат, практично, тоа се цели мрежи на владини и невладини организации, разни облици на стопанска дејност зад кои се крие практично финансиранио ттероризам, а финансиите се едни од најкомплексните фактички процеси на протокот на пари и многу е битно Република Македонија некој да ја преземе таа обука и прманентно да се грижи за обуката на тие луѓе. Бидејки тоа е многу специфична активност и некогаш навистина е многу тешко да се разграничи што е деловен однос, а што е перење на пари.

Проблемот, исто така се наметнува, затоа што државните службеници се многу малку платени. Во пазарната економија тие што се правите експерти за финансиите работат обично во голмите банки, во големите компании кои добро ги плаќаат. Тоа е еден исто така елемент кој немам идеа како ние би го решиле, со оглед на постојната законска регулатива. Меѓутоа, нас ни треба и во оваа Дирекција или Биро, како и во Управата за безбедност и контраразузнавање и во Агенцијата за разузнавање ни требаат експерти кои навистина ќе можат да се носат со оваа проблематика. Ние имаме такви луѓе, меѓутоа, потребни се луѓе кои постојано ќе ги освежуваат своите знаења, иако имам мислење дека тоа не се доволно, треба да се формираат поголеми екипи, бидејќи најчесто овие служби први доаѓаат до информациите, а дури подоцна парите се појавуваат во некаква легална форма, каде што е надлежно Министерството за финансии, во случајот Бирото или Дирекцијата. Така што, во тој правец не е лошо да се размислува како да се оствари оваа соработка во иднина и како ние да имаме постојано освежување на знаењата бидејќи, тоа е навистина многу една од најсложените, најкомплицираните активности во врска со токовите на финансиите на национален план и на меѓународен план. Благодарам.

**Љубиша Георгивски:** Бидејки, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот минситер за финансии. Повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, со Предлогот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трасфер на пари, се овозможи рамноправен третман и еднаков пристап на субјектите на пазарот. Тоа е интенцијата. Имено, во овој момент ова начело не се применуваше кај давателите на услуги врз трансфер на пари, од причина што банките со таканаречено големо овластување можеа да вршат брз трансфер на пари во рамките на своите овластувања за платен промет со странство односно не можеа да склучад договори со субагенти како мрежа која овозможува достапност на услугата брз трансфер на пари во Република Македонија. Заради надминување на оваа состојба, се предлага законот за вршење на услуги брз трансфер на пари да се однесува на сите трговски друштва. Исто така, во досегашната пракса уплатите и исплатите помеѓу давателот и неговите субагенти се вршеше со пренос на готовина, што е негативно. Заради тоа се рпедлага давателот на услугата брз трансфер на пари, кој не е банка, значи барателот кога не е банка субагентите задолжително да им даде овластувања за работа преку посебна сметка на давателот на услугата која што е отворена во банка и преку која што ќе се вршат уплатите и исплатите. Исто така, предлог измените се во

насока за усогласување со последните измени со Законот за народна банка на Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубша Георгивски:** Бидејќи, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Дали Собранието го усвојува прелдогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 60 гласале за, воздржани нема, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 став 1, член 5 став 1, член 6 во новиот член 7-а став 2, член 7с тав 2, член 8 кој се однесува на членот 9 став 1, став 2 и став 3, точка 3, член 9 ставови 1 и 2, член 12 став 3, член 19 и на член 23 став 1 точки 1 и 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 8 за менување на став 2 и за менување на член 14, по кои Владата не се произнела.

Отворма претрес по амандманот на член 8 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Ја разбирам идеата на пратеникот Најдовски, но треба да се има предвид дека се работи за една материја која што е регулирана и да се отпочне со работа, без да се добие дозвола од Народна банка на Република Македонија или од Гувернерот, може да има крајни негативни импликации, крајни последици врз крајните корисници на услугите кои што ќе се нудат. Од тој аспект амандманот не се прифаќа.

**Љубша Георгивски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Заменик министерот ја разбира мојата идеа и од она што го искажа гледам дека има позитивно мислење, но за жал не може да го прифати амандманот, заради тоа што министерот изгледа има поинакво мислење, заради тоа што веќе е во пракса во овој Парламент министрите воопшто да не доаѓаат на законите, кога ги носиме законите, туку се повеќе ги испраќаат замениците министри, несакајќи воопшто да ја минимизирам улогата на замениците министри, но со оглед на тоа што сепак министерот е тој кој што одлучува по однос на одредени предлози и забелешки на пратениците и сега заменикот министер, иако гледа позитивно на предложениот амандман, не може да го прифати.

Сакам накратко да го образложам мојот амандман. При предлагањето на амандманот, јас појдов од вербата дека Владата навистина она што го декларира деноноќно во весници за гилотина во регулативата, дека тоа и во пракса ќе го спроведува. Но, најверојатно Владата едно се рекламира, едно пропагира во јавноста, друго прави во стварноста.

Имено, мојот амандман се однесува на предложениот член 8 кој што е сега во законот, а со кој што се менува членот 9 на постојниот Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари. Во овој член се вели дека согласно односно дозволата за работење на субјектите кои се регистрирани за брз трансфер на пари, согласноста ќе ја добијат од Народната банка односно од гувернерот на Народната банка на Република Македонија. Добро е тоа што се утврдува рокот во кој што треба да се донесе согласноста односно дозволата за работење и условите, до колку не се исполнети одредени услови соподнесеното барање, да се остави период барателот да ги доисполни тие услови. Но, веднаш после тоа, како што е и во самото образложение на предложениот закон Владата со овој Предлог и ако остане вака како што е предложен членот оди во контрадикторност. Имено, ако гувернерот не донесе решение во рок од 30 дена, тогаш подносителот на барање има право на жалба односно да поведе управен спор пред надлежен суд. И, во образложението тоа Владата го оправдува, со тоа што дека повеќе не може да се поднесе жалба до Советот на Народна банка. Е, сега, се поставува хипотетички едно прашање. Во ред, ако одговори гувернерот негативно во рок од 30 дена, тогаш подносителот на барањето ќе може да поведе управен спор пред надлежен суд.

Но мојот амандман е, што во случаевите кога гувернерот на Народната банка воопшто не одговори на поднесените барања во дадениот рок? Затоа јас предлагам амандман со што предлагам дека доколку во рок од став 2 на овој член гувернерот на Народната банка не донесе решение за издавање на дозвола или согласност за вршење на услуги, врз трансфер на пари или пак решение за одбивање на барањето, подносителот на барањето може да отпочне со работа. Сметам дека тогаш е тоа т.н. молчење на администрацијата.

Ќе повторам, што ако гувернерот не донесе никакво решение, ни позитивно ни негативно, барањето на подносителот го држи во фиока неодреден временски период. Во таков случај мислам дека согласност и настојувањето на Владата, доколку Владата е навистина искрена во она што зборува дека ќе прави гилотина на правната регулатива, тогаш не постои ама баш никаква причина за подносителот на барањето да автоматски не отпоче со работа. Заради тоа што, доколку не добил негативно решение, не добил барање за дополнување на одредени услови за да ја добие согласноста, односно дозволата за работа, тогаш е во прашање само дискреционото право на гувернерот на Народната банка.

Затоа сметам дека ама баш не постои никаква причина амандманот да не биде прифатен, па затоа предлагам ние како пратеници да го изгласаме. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За збор се јави заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Почитуван претседателе, јас кажав дека ја разбирам идејата на пратеникот Слободан Најдовски, но не и дека лично се согласувам или дали со министерот имаме согласување или несогласување. Секако дека сметам, за конкретнава материја, за конкретниов случај амандманот не треба да се прифати.

Се работи, уште еднаш ќе повторам за регулирана материја и не треба да дозволиме дека, доколку гувернерот или Народната банка не одговори во дадениот рок, дека по автоматизам веднаш да може да се обавува односно да се дава ваква услуга. Во крајна истанца, тоа може да биде штетно за крајниот корисник на услугата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Претпоставувам дека се јавувате за реплика?

Се јавувате за збор? Повелете.

Збор има Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван заменик министре вие велите дека се работи за регулирана материја и дека би било штетно за подносителот н а барањето.

Прочитајте го ставот 2 во законот вели: “Доколку во рок од ставот 2 на овој член гувернерот не донесе решение, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд. За што ќе поднесе барање за управен спор пред надлежниот суд, кога гувернерот не му донел решение.

Регулирана ви е материјата дека во рок од 30 дена треба да донесе решение. Регулирана ви е материјата дека, доколку не исполнува одредени услови, односно недостаток на документи, информации потребни за длучување по барањето, дека тогаш гувернерот на Народната банка ќе побара од подносителот на барањето да тој недостаток на документи и информации го достави. Но, не ви е регулирана материјата што во случаите ако воопшто не донесе никакво решение, ни позитивно ни негативно? Што е тогш разумен рок што би се сметал, доколку гувернерот, да речеме, не донесе решение ни позитивно ни негативно во рок од седум месеци или девет месеци или година или две години? Тогаш, како да поднесе барање за управен спор ако воопшто нема никаков одговор ни позитивен ни негативен одговор. Тоа значи дека материјатата не ви е регулирана во законот.

Затоа јас го предлагам ова решение. Друго е ако вие одлучите или ако сега предложите амандман со што ќе кажете дека рок за неодговарање се смета рокот од три месеци, четири месеци, не знам како вие тоа ќе го одлучите и, доколку во тој рок не поднесе, гувернерот не донесе никакво решение, да може да поведе управен спор. Вака како што е дадено решението, напротив не е регулирано, а камо ли да е исправно регулирано. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По извршеното гласање).

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во време на гласањето.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници).

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да дојдат и да ги заземат своите места.

(Пратеници влегуваат во салата).

Бидејќи во овој момент се создаде кворум, предлагам да го повториме гласањето.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, претресот е заклучен, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за амандманот гласале 11 пратеници, воздржано 2, против 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 за менување на ставот 2, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 14, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Претседателе, овој амандман треба да се погледне, затоа што мислам дека се однесува на Законот за игри на среќа.

**Слободан Најдовски:** Да, во право сте.

**Љубиша Георгиевски:** Да, за точката 13 е.

Да видиме каде е забуната?

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе,

Заменикот на министерот е во право. Бидејќи се заедно куцани двата амандмани, во насловот е за друг закон.

Овој амандман се однесува на Законот за игри на среќа. Амандманот е за тој член. Горе, во насловот е грешка. Заменик министерот е во право. Ако е изводливо технички, за наредниот закон, грешката е само во насловот. Инаку, се однесува на Законот за игри на среќа, така што заменикот министер е потполно во право, така што овој амандман не е за овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман се однесува на Законот за игри на среќа, доколку е технички изводливо.

**Слободан Најдовски:** Го повлекувам бидејќи не се однесува на овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Дефинитивно, дали го повлекувате?

**Слободан Најдовски:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари.

**Минуваме на точката 13-Предлог на закон за финансиска полиција.**

Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 5 ставови 3 и 4; член 41 став 2 точка 6 и на член 65 ста 1.

Пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска поднесоа амандмани на чле 1 став 1; член 3 став 1; член 6 став 1; член 9 став 3; член 10 став 4; член 11 став 2 алинеја 1; чле; член 19 став 1; член 30 став 1; член 38 став 2 за менување на алинеја 4 и на став 4; член 39 за бришење на став 2 и на член 66 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** член 1, став 1, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман се обидуваме технички и номотетички да го подобриме текстот на овој закон. Со донесувањето сме апсолутно согласни, со оглед на тоа што еден од законите што се носат во забрзана постапка и што уредуваат една многу значајна материја.

Имено, во членот 1 од Предлогот на законот за финансиска полиција, се обидуваме на крајот да ги додадеме зборовите: “и соработката со државните органи”. Согласно со тоа, првиот став од членот 1 би гласел:

“Со овој закон се уредува организацијата, надлежноста, раководењето, начинот на вршење на работата, овластувањата и одговорностите на финансиската полиција и соработката со државните органи”.

Навистина барам дополнително објаснувањ зошто претставникот на Владата не го прифаќа амандманот, со оглед на тоа што, бидејќи прв пат донесуваме ваков закон, која е реалната причина зошто во членот 1 ставот 1 да не стои дека финансиската политика има обврска да соработува со сите државни органи на територијата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Збор има заменк министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Како појаснување, соработката на финансиската полиција со другите државни органи е регулирано со Законот за организација на органите на државната управа, така што нема потреба, бидејќи е тоа веќе генерално регулирано каква ќе биде соработката.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 21, воздржани нема, против гласале 31 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Е сега господине заменик министре навистина сте должни да објасните зошто овој амандман ви е неприфатлив?

Во интерес на информирање на јавнста јас ќе го прочитам членот 3 од Законот за финансиска полиција:

“Финансиската полиција има свој симбол во форма на штит со три натписа: во горниот дел во два реда во кирилично писмо со темно сина боја е испишано: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, под него во два реда стои натписот УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА, а во долниот дел, полукружно, со латинично писмо во златна боја е испишано: ФИНАНЦИАЛ ПОЛИЦЕ. Во средишниот дел е стилзирано знамето на Република Македонија слично на кована монета од еден денар, обиколена со венец од двете стран. (И, ве молам, внимавајте последната реченица од членот 3 ставот 1) под стилизираното знаме стои изгравиран сериски број од четири нули”.

Значи, она што го бараме, на местото на нули да стои “од четири броја”. Јасно, гласно, конкретно и прецизно.

Ќе ве молм да ми објасните, со оглед на тоа што сте претставник на Министерството за финансии како изгледаат сериските бројки со четири нули. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Симболот на финансиската полиција, за тоа се работи, каде што ќе има четири нули. А, бројот, како број во легитимацијата, секој финансиски полицаец ќе има во легитимацијата број. Се работи за симболот. Како симбол. И нулата е број, определен број. За симболот правиме муабет, а не за легитимацијата.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Значи, тие четири нули не значат количество, туку значат симбол. Добро.

Понатаму, госпоѓа Весна Бендевска има реплика.

**Весна Бендевска:** Јас навистина, најсериозно сум загрижена ког серискиот број од четири нули, како рековте почитуван претседателе, не изразува количество.

**Љубиша Георгиевски:** Така јас го разбрав. Тоа е симбол на службата.

**Весна Бендевска:** Претпоставувам дека ќе бидеме прва земја во Европската унија каде што, како сериски број ќе имаме четири нули, токму на штитот што ќе ја претставува Управата за финансиска полиција. Дали тоа значи се придружувате навистина на нултата толеранција, претпоставувам, но четири нули, што е многу, многу е. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Во прилог на поддршка на амандманот навистина не знам зошто Владата секогаш во образложението го кажува она што не го напишала во законот. Така беше и во Законот за образование, така е и тука.

Доколку станеше збор за симбол од четири кругчиња или четири нули, тогаш можеби не ќе имаше потреба од амандманот.

Вака, како што стои во Предлогот на членот, нема никаква логика. Ниту математичка, ниту политичка логика. Само се плашам да нема некое празно место меѓу првите две нули и вторите две нули па да испадне уште и пострашна работата.

Затоа, нека размисли Владата додека трае амандманот или расправата, нека го исправи, тоа што го кажа и министерот, нека не го прифаќа амандманот на опозицијата, ако ги прочитал амандманите што се сомневам, но нека дадат нешто што е нормално и логично. Не мора да ни се смее цела јавност на вакви непрецизни и нелогични дефиниции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 17, воздржани нема, против 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Отворам претрес по амандманот на член 5 ставови 3 и 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Станува збор за униформа на финансиската полиција.

Зборот “облека”, ако се прифати амандманот би бил премногу опширен.

Значи би требало да стои “униформа”.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Бидејќи станува збор очигледно за амандман од технички карактер, ние можеме да дебатираме дали е поисправно во законот да стои службена облека, бидејќи службена облека е синоним за униформа. Амандманот навистина, очигледно е, дека Владата апсолутно, ги дели амандманите кои се поднесени од страна на опозицијата и дури кога се логични и дури кога апсолутно го подобруваат текстот, ако ништо друго од правно-технички карактер, немаат слух да го прифатат.

Навистина, почитуван господин заменик министер сметам, а сигурна сум дека тоа можат и лингвистичарите да го потврдат дека во Законот треба да стои службена облека. Тоа е униформа, не менува ништо освен вашиот тригиден став кон амандманите поднесени од опозицијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 14, воздржани нема, против гласале 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 6 став 1 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 3, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 4, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Во членот 10 кој е втор кој ја уредува оваа област околу законската рамка за поставување на директор на финансиската полиција, во ставот 4 предлагаме директорот, како што стои овде, може во писмена форма привремено да пренесе одделни негови надлежности на раководни финансиски полицајци согласно овој закон. Сметаме дека е уредно и многу поконкретно и попрецизно, директорот тоа да може да го прави по одобрение на министерот за финансии.

Инаку, пренесувањето на надлежностите, кои директорот ги добил согласно законот, на други раководни финансиски полицајци, сметаме дека е преголемо овластување, дури сметаме дека ќе може да предизвика и неправилно користење на она што се вели дискреционо право. Токму заради тоа сметаме дека директорот не смее да ги добие тие над законски надлежности, односно пренесувањето на неговата надлежност мора да биде со знаење и со писмено одобрение од страна на министерот за финансии, кој според законот за органите за државна управа е оној во чија надлежност е цела проблематика околу финансиите. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи повеќе нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 14, воздржани нема, против гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2, алинеја 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Сметаме дека Комисијата треба да биде формирана од Владата на Република Македонија. Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Значи, во членот 11 во вториот став, за да биде многу појасно, ќе морам и да го цитирам: "директорот и неговиот заменик можат да бидат разрешени согласно став 1 алинеја 4 од овој член поради нестручно и несовесно извршување на функцијата и изостанување на позитивни резултати во работата на финансиската полиција, што го утврдува Комисија формирана од Владата на Република Македонија".

Сметаме дека многу поупатно е таа комисија да е во надлежност, значи нејзиното формирање да е во надлежност на министерот за финансии, врз основа на споредбена анализа, вели понатаму членот, на извештаите за постигнатите резултати.

Јас навистина ќе го замолам претставникот на Владата да објасни зошто смета дека Владата треба да ја формира таа Комисија, со оглед на

тоа што таа Комисија ќе биде задолжена околу постапката на разрешување на директорот и заменикот директор на финансиската полиција, кога веќе овој закон ја уредува како материја дека финансиската полиција е сместена во рамките на Министерството за финансии. Тогаш, која е потребата Владата да се наметнува со свои решенија, со оглед на тоа што веќе во Владата постои Министерство за финансии кое е надлежно за работата на финансиската полиција. Значи ли ова дека е продолжение на она што мене како на пратеник ми се случува веќе трет пат министерот за финансии да се самопрогласува за ненадлежен од областите кога прашував преку институцијата пратенички прашања, околу средства потрошени и од кои ставки, па министерот се прогласува за ненадлежен.Значи ли тоа дека токму и во овој нов закон за финансиска полиција, министерот за финансии чисто проформа стои дека е надлежен за оваа материја, а се знае кој во Владата ќе може по своја волја и убедување да именува и разрешува директор на финансиска полиција. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, јас сакав само да ја потсетам колешката да го види членот 9 од предложениот закон во кој вели дека со финансиска полиција раководи директор, кој го именува и разрешува Владата во Република Македонија.

Значи, ако се има предвид овој член и основното правило дека оној што ве именува, тој е исто така надлежен да ве разрешува. Тогаш нема потреба од амандманот кој го поднесува колешката. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Веднаш ќе и одговорам на почитуваната колешка, кога ќе го чита членот 9, да го допрочита. Во членот 9 уредно стои дека со работата на финансиската полиција раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии. И тоа е комплетната реченица, госпоѓо Лалчевска.

Значи овде станува збор за нешто друго. За разрешувањето на директорот и заменикот надлежна ќе биде Комисија која ќе уредува дали работата на дирктороt и заменикот била успешна или не. Постигнала позитивни или негативни резултати. Кој е должен да ја формира таа Комисија. Владата или министерот за финансии. Доколку се поврземе со членот 9 апсолутно точно треба да стои дека Комисијата ќе мора да биде формирана од страна на министерот за финансии. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Мислам дека интенција е директорот на финансиска полиција да биде посамостоен во извршување на својата функција и доколку министерот ја формира Комисијата за да ја оцени неговата работа, мислам дека тогаш се ограничува самостојноста. Вака на некој начин има поголема заштита директорот да биде самостоен, доколку таква комисија се формира од страна на Владата. Така да, не ја гледам логиката пратеникот што предлага промена преку амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Вашиот став почитуван пратеник Трајанов е сосема контрадикторен. Како можеме да зборуваме за одредена самостојност на директорот на финансиска полиција кога директно сметате дека Владата треба да формира комисија која ќе одлучува дали тој треба или не треба да биде разрешен. Токму за тоа зборувам. За да му дадеме простор на тој дирктор да работи согласно законот, Комисијата која ќе утврдува дали е стручно и совесно извршена таа функција, или несовесно и нестручно е извршена, овде како што стои, сметам дека и во рамките согласно Законот за државна управа треба да стои дека треба да биде формирана од страна на министерот за финансии. Владата на Република Македонија нема право на свои седници да формира таква комисија. Тоа е во надлежност на Министерството за финансии, односно на министерот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, не е лошо да го разјасниме ова прашање. Мислам дека ставот на Владата е добар, бидејќи е коегзистентен и во материјата што сака да ја промени овој амандман, а и во основното решение кај што се вели дека Владата го именува и го разрешува директорот.

Владата ако констатира дека има индиции дека не стручно и не совесно ја врши функцијата раководителот што таа го именувала, ќе си формира комисија која ќе испита дали се точни сите тие наоди. А министерот бидејќи при именувањето и при разрешувањето по Законот има право да даде мислење, ќе даде мислење. Ако нему за мислењето му е потребно да формира комисија, нека формира интерна комисија и нека каже дека, тоа не мора со закон да се уреди, дека неговото мислење е во спротивност на она од Комисијата што го формирала Владата. Меѓутоа, невозможно е ако Владата го именува и разрешува директорот на финансиската полиција, кога има индиции дека недоволно стручно и несовесно ја извршува својата функција, таа да не формира комисија тоа да го испита. Како може сите свои

овластувања околу именувањето и разрешувањето, штом е сомневање на нестручно раководење да ги пренесе на министерот. Тоа е против основните решенија на законот. Според тоа, сосема е нормално решението кое е предложено во Законот, а ова што го предлага госпоѓа Бендевска, веројатно може да биде некоја сугестија на министерот кој во ваков случај кога ќе треба министерот да даде мислење да се послужи и тој да си формира комисија, надвор од овој закон на стручна основа, кога ќе дава мислење да биде потемелно и засновано на некои мислења на експерти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Значи инсистирам заради поврзаност и коегзистентност на членовите 9, 10 и 11, кои се занимаваат со материјата директор на финансиска полиција, кога веќе во членот 9 стои дека токму Владата именува и разрешува директор на предлог на министерот за финансии, заради коегзистентност и доследност во членот 11, во вториот став треба да стои дека Комисијата формирана од Владата на Република Македонија, апсолутно, по предлог на министерот, заради коегзистентност, бидејќи така е замислено поставувањето и разрешувањето кое е спомнато во членот 9. Значи зборуваме за логика ако Владата поставува и разрешува, така е спомнато тогаш што се случува кога при разрешувањето веќе не се констатира мислењето, или не се пожитува мислењето, или предлогот на министерот за финансии. Кое е тука логиката? Се надевам дека ќе добиеме добро објаснување од претставникот на Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 13, воздржани нема, против гласале 48. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Со овој амандман се вели дека финансиската полиција сама покренува постапка за наплата на јавни приходи за тој имот или приход. Ова е работа на Управата за јавни приходи, а не финансиската полиција. Владата не го прифаќа амандманот, бидејќи тука ќе има дуплирање на надлежностите. Управата за јавни приходи и финансиската полиција. Финансиската полиција е должна да констатира криминал. А Управата за приходи се знае нејзината надлежност.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Целта и замислата кога со колешката го подготвувавме овој амандман беше токму тоа. Да му овозможиме простор и автономија во работата на финансиската полиција. И сметавме дека добро би било да може и финансиската полиција самата да покренува постапка за наплата на јавните приходи за имот или приход. Сметаме дека ќе беше многу подобро доколку и финансиската полиција ги добиеше и тие ингиренции. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, според тоа ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето не е валидно.

Ги повикувам пратениците кои се уште не влегле во салата да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

(Во салата влегуваат повеќе пратеници)

Ќе го повториме гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 9, воздржано 1, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Во однос на техничката опрема, огненото оружје и криминалистичко-тактични мерки, се предвидуваат во овој закон во членовите 30 и 31, така што нема потреба повторно во истиот закон да се додаде “согласно закон”. Со истиот закон, нема потреба да се додаде. Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Првиот став од членот 30 гласи: Финансиската полиција може заради спроведување на своите надлежности да користи службени возила опремени со светлосна и звучна сигнализација, како и друга техничка опрема. Сметаме дека е добро многу поконкретно и поконцизно да стои “согласно закон”. Значи службените возила, иако

се опремени со светлосна и звучна сигнализација и друга техничка опрема, таа опрема и таа сигнализација може да се употребува исклучиво согласно закон. Навистина не знам, не гледам причина или потреба за еден ваков амандман кој е апсолутно од правно-технички карактер да немате разбирање, односно што би ви сметало доколку стојат зборовите “согласно закон”, а упатуваат на тоа дека не секогаш и не секаде службените возила кои ќе ги користи Финансиската полиција ќе имаат право да се користат со својата опрема, особено со звучната и светлосната сигнализација. Инаку би било хаос, нели. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Јас наоѓам разбирање во неприфаќањето на амандманот од страна на Владата, затоа што во тој случај не ќе има службени возила со лавчиња на регистарските таблички и нема да бидат, како што сме сведоци на се помасовен број такви во Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 2 за менување на алинеја 4 и на сатаав 4, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Овој амандман е составен од два дела. Вториот дел би бил поприфатлив за нас, но првиот дел каде што пишува: “има завршено високо образование од областа на економските и правните науки”, тоа е едно ограничување. Што ако има завршено Факултет за безбедност, Полициска академија? Според систематизацијата за Финансиска полиција е предвидено и Електротехнички факултет што се однесува за компјутерска форензика. Значи не треба да се ограничува Економски или Правен факултет, има потреба и од други струки. Амандманот не можеме да го делиме. Амандманот не се прифаќа во целина, иако вториот дел е прифатлив, но бидејќи првиот дел е неприфатлив, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Околу вработувањата на финансиските полицајци, во членот 38 ставот 2, се смета дека за финансиски полицаец може да биде вработено лице државјанин на Република Македонија, да не е постаро од 35 години, да е психофизички здраво и четвртата алинеја гласи токму вака: да има завршено соодветно високо образование. Сметавме дека токму зборот “соодветно” ќе ви даде можност да се вработуваат не лица стручни и компетентни од економски и правни струки, нека биде и од форензичарските струки, меѓутоа, зошто токму тоа не го наведовте. Дали почитуван претставник на Владата си оставате простор за продолжување на она што навистина седум месеци Владата го прави, комплетна партизација и политизација на јавната администрација. Заради тоа ли ви треба овој збор “соодветно”. Зошто не сте се обиделе да ги наведете сите струки кои ќе бидат прифатливи за да може едно лице да биде вработено како финансиски полицаец. Соодветно значи дека ќе може да биде вработено лице и од земјоделските науки, или лице кое има завршено струка која не одговара на извршувањето на работните задачи на финансиски полицаец. За што ви треба толку широк поим? Ние се обидовме да го намалиме. Сметаме дека дека финансискиот полицаец треба или мора да биде или лице со завршено економски или лице со завршени правни науки. Тоа е тоа што ќе ве обврзува не да ја партизирате јавната администрација, туку да ја професионализирате. Европа не се согласува со комплетната партизација на сите нивоа кои вие веќе под границата на добриот вкус ја практикувате цели седум месеци. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Кога станува збор за Финансиската полиција, тука се работи за лица со посебни должности, овластувања на лица со посебни должности. Ова е аналогно на законските одредби што важат за Министерството за внатрешни работи од тој аспект, овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

За очекување беше, со оглед на тоа што не го прифативте минатиот амандман, односно си оставивте законска можност, како што реков и повторно ќе нагласам, за партизација на Финансиската полиција, што ќе биде навистина страшно и многу сериозно.

Амандмански се обидовме да делуваме на членот 39 каде што ставот 2 овозможува по исклучок работен однос во Финансиската полиција да може да се врши без законската одредба, односно без јавен оглас. Кого ќе го вработувате во Финансиската полиција без јавен оглас? Велите: По исклучок работен однос без јавен оглас се заснова за определени работни места утврдени со актот за систематизација на работните места и за стипендисти на Министерството за финансии, со кое се согласувам, како и за вршени студенти. Меѓутоа, премногу поле имате за она што го реков, дискреционото право Финансиската полиција да ја наполните со заслужни партиски кадри, претпоставувам како израз на награда за своето партиско делување и тоа не е во ред.

Сметаме дека апсолутно ставот 2 треба да се избрише. Во една вака сериозна институција, како што е Финансиската полиција, мора да се знае ред и поредок, мора вработувањата да бидат врз база на јавен оглас, утврдени со постапка преку закон и само така ќе можеме да се пофалиме дека ќе добиеме навистина добра државна институција која ќе вработува професионалци, неоптоварени со свои лични партиски убедувања.

Заради тоа, почитувани колеги од владеачкото мнозинство, дајте да ставиме крај еднаш да биде крај и еднаш да бидеме сериозен законодавен дом кој нема да дозволува повеќе груба, па дури и во законски рамки предвидена партизација на јавната администрација. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 12, воздржани нема, против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 2, точка 6, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и со тоа тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 65 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и со тоа тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот се однесува на процентот од 25% од приходите од откриени и наплатени даноци и се предлага да се намали на 5%. Репер е земена и Управата за јавни приходи и Царинската управа, а Финансиската полиција со овој Предлог на закон се изедначува во својот статус со овие две други институции, така што сметаме дека процентот од 25%, значи тој сразмер, треба да остане и ќе биде наменет и во функција на унапредување на работењето на Финансиската полиција. Токму затоа амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Ова е последниот амандман кој го поднесовме со колешката Грковска и се однесува на начинот на финансирање на Финансиската полиција како државна институција. Членот 66 став 1, се вели дека средства за работа, унапредување, модернизација и опремување се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, но ставот 2, разбирам дека е во функција на стимулирање на работата на финансиските полицајци, меѓутоа, одвојување на ¼ односно 25% од приходите од откриени и наплатени е премногу. Ако Финансиската полиција си задржува за себе 25% од секој откриен и наплатен данок тогаш ќе се претвори во акционерско друштво. Вие сериозно ќе ја делегитимирате на овој начин работата на Финансиската полиција, ќе ја направите профитна и тоа високо профитна установа. На овој начин, ве молам за сериозност, сметаме дека се сосема доволни 5% од наплатените даноци како стимулација и како основ за самофинансирање на Финансиската полиција. 25% навистина сметам дека не се реални, туку зад овој процент стои некоја ваша скриена намера и таа намера ќе мора очигледно да ја образлагате.

Законот ваш ќе помине, ќе поминат и овие 25%, меѓутоа, ќе се соочиме со нешто многу сериозно. Ќе се соочиме на врата да ни тропаат

финансиски полицајци, претпоставувам убаво дотерани и облечени, кои 25% од откриениот данок наместо да го уплатуваат во државната каса, ќе го зачувaат за себе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе.

Се јавив за збор токму од спротивните ставови на она што сега предлагачот на овој амандман го има кажано во однос на овој закон, во членот 66 став 2, бидејќи моето лично мислење е токму спротивното дека ова е една извонредна и конструктивна промена што се нуди и која пред се, како што кажа и заменикот министер, веќе покажа резултати во некои слични финансиски институции во Република Македонија.

Што се однесува до тоа дали Владата односно предлагачот на законот овде има скриени или нескриени намери, јас би рекол дека тука намерата е сосема јавна. Напротив, не само што нема скриена намера, туку намерата е да се мотивираат носителите на овие функции, раководителите на финансиската политиција, бидејќи само на тој начин тие навистина можат без притисоци и регуларно да се борат против криминалот во Република Македонија, по кој нема човек, независно од која партија или од било која друга припадност да доаѓа во Република Македонија а да не знае дека криминалот во изминатите 15 години во Република Македонија беше огромен. Само да ве потсетам јавно сите дека 1.300.000.000 евра влегоа во Република Македонија во последните седум години од така наречените оф шор компании. Значи се зборува и јасно е дека тие пари претходно поради неефикасност на Финансиската полиција биле изнесени од Република Македонија, а се претпоставува дека само дел повторно се враќаат во државата, што значи дека се зборува за овие 15 години за еден огромен криминал во седум бројки кога зборуваме во евра и повисоко.

Оттука, мотивацијата е сосема реална, сосема конструктивна и сосема ефикасна мерка и ценам дека токму овој член, ставот 2 на членот 66 му дава многу повисок квалитет на овој предложен закон отколку да стои 5% или, не дај Боже, да нема проценти како порано. Само да потсетам дека некои наши соседни држави, кои се исто така апликанти за Европска унија, дури се можеби и чекор два напред од Република Македонија, со цел да го рехабилитираат изнесениот капитал од нивната држава за последната деценија и пол, дури предлагаат и јавно враќање на овој капитал со 50% оданочување на јавно пријавените средства. Оттука, ова е една сосема нормална, легитимна, легална и што е најважно ефикасна мерка за справување со криминалот во Република Македонија и ваквиот член и овој закон ја има мојата максимална поддршка и поддршката на Социјалистичката партија на Македонија, па оттука предлагам овој амандман со индигнација да се отфрли. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

За збор се јави господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, се јавив по однос на претресот по текстот на законот, само по однос на еден член, тоа е членот 38 од постојниот Закон, ставот 2, алинеја 2 во истиот каде што пишува дека за финансиски полицаец може да биде вработено лице кое покрај другите услови да е државјанин на Република Македонија, да е психо-физички здрав, да има завршено соодветно високо образование, да ги исполнува условите пропишани со актот на систематизација и стои еден услов да не е постар од 35 години. Во членот 32 од Уставот на Република Македонија јасно стои во ставот 2 дека секому под еднакви услови му е достапно секое работно место. Значи, имаме една колизија во самиот член во кој што директно се определува старосната граница според кое што некој може да биде вработен во финансиска полиција. За жал, заменкот министер за финансии претходно кога се дискутираше по однос на овие амандмани не прифати еден амандман кој што се однесува на овој член. Но сепак, се наметнува прашањето, или неколку прашања. Прво, зошто е битно да не е постар од 35 години кога подолу има алинеја во која што јасно стои дека треба да има завршено соодветно високо образование. Значи претпоставката за концептот на работа на финансиска полиција е пред се тие да вршат истражни дејствија. И тука таа финансиска полиција треба да се екипира со луѓе кои што се пред се искусни и докажани во струките и во проблематиката која што се однесува на откривање на финансискиот криминал. И сега каква потреба има да не е постар од 35 години? Што ако некој е исклучително стручен и исклучително навлегол во таа проблематика, исклучително добро ја познава таа проблематика, но има над 35 години. Дали не се хендикепира финансиската полиција да може квалитетно кадровски да се опреми да се бори против овој финансиски криминал. И тука е и Уставот на Република Македонија. Зошто Владата, или државата, барем за оние области кои што се однесуваат за вработување во јавна

администрација наметнува вакво ограничување. Имаме голем број огласи по весниците кои што се однесуваат на приватни компании каде што стои овој услов да има одредена старосна граница. Но, зошто сега и во државните органи се прави тоа, посебно во финансиската полиција каде што мислам дека пред се е битен квалитетот на кадрите, а не да биде млад и да може да брка криминалци. Не е тоа концептот на финансиката полиција. За тоа постои Министерството за внатрешни работи. смислата на финансиската полиција е да го открива финансискиот криминал и да покренува соодветни постапки. Нема потреба од вакво нешто. Во член 39, без јавен оглас. Јасно стои во законот дека за во јавните државни институции мора да има јавен оглас. Тоа по исклучок нека се наведе на чие барање и кои се тие исклучоци. Затоа мислам дека ова е голем недостаток на овој закон, пред се затоа што ги ограничува слободите и правата на граѓаните на Република Македонија, а исто така и затоа што создава предуслови да не се конципира квалитетно кадровски и финансиската полиција да ја извршува својата задача. И на крајот се отвора мала врата некои заслужни партиски кадри да се пикнат во таа финансиска полиција за потоа да вршат некои свои дејанија согласно партиските директиви. Затоа мислам дека овој член, овие два члена се сериозен хендикеп за овој закон да профункционира на квалитетен начин и да добиеме орган кој што навистина ќе се бори против финансискиот криминал.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Јас само накратко ќе го соопштам ставот на пратеничката група на СДСМ и ќе се надоврзам на мојот колега кој зборуваше пред малку.

Значи, се обидовме да го манифестираме нашиот сериозен пристап кон еден вака сериозен закон кој регулира ваква област, откривање на финансиски криминал. Затоа и без оглед на тоа што Владата немаше слух за нашите амандмани дури ни кога беа поднесени од чисто правно технички карактер. Но, тоа повеќе суди за односот на Владата кон опозицијата, но не и за конструктивноста на опозиционите пратеници за кои се надевам немате веќе аргументи, не ви врват.

Амандманите ги изработивме студиозно и сериозно. Ваше беше да ги прифатите, или не. Ги гласавме. И без оглед на тоа што се уште сметаме дека регулативата, во чија надлежност треба да биде формираната комисија, дали Владата, или министерот за финансии, и тоа токму онаа комисија која ќе ја оценува успешноста, или неуспешното работење на директорот и неговиот заменик. Особено сметавме дека не смее вработувањата во финансиската полиција да се случуваат без јавен оглас, бидејќи тоа е начин за комплетна професионализација на една јавна служба како што ќе биде финансиската полиција. И на крајот сметаме дека огромен е процентот кој нуди можност за самофинансирање на финансиската полиција како јавна институција. Меѓутоа, она што е многу побитно во овој момент Република Македонија да добие закон за финансика полиција, бидејќи тоа е во согласност со Акциониот план за донесување на европски валидни закони во Република Македонија, а особено заради тоа што овој закон е усогласен и во функција и со државната програма за превенција и репресија на корупцијата. Пратениците од СДСМ ќе го подржат донесувањето на законот за финансиска полиција.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, само на кратко. Мислам дека со новиот закон за финансиска полиција се создаваат објективни можности за поефикасно работење на финансиската полиција. Ќе го подржам овој законски проект со надеж дека во иднина ќе имаме многу поголема финансиска дисциплина и дека финансиските трансакции ќе бидат на удар на финансиската полиција. Инаку, јас се сложувам со сугестијата, треба да се види во иднина, дали треба да има ограничување на 35 години за оние што треба да работат во финансика полиција. Го подржувам законскиот проект.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, за гласале 62, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за финансиска полиција.

**Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната помош, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор заменик министерот за економија, Киро Спанџев, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе, почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Практичната примена на Законот за државна помош укажува на потребата од поблиско уредување на некои области при доделувањето на државната помош поради што се предлагаат измени и дополнувања на истиот. Со оглед на фактот што во Законот за државна помош не

постои правен основ кој би овозможил донесување на уредба со која поблиску ќе се регулира доделувањето на хоризонталната државна помош, се предлага измени и дополнување на овој Закон со создавање на правен основ за донесување на уредба за пропишување на условите и постапката за доделување на хоризонтална државна помош, како помош на унапредување на развојот на стопанството во областа на истражувањето и развојот, заштита на животната средина, вработувањето, обука, услуги од општ економски интерес, како и во облик на ризичен капитал, културата и заштитата на културното наследство, челичната индустрија, индустријата на јаглен, внатрешниот сообраќај, воздушниот сообраќај во областа на јавните инвестиции, во областа на извозни кредитно осигурување, како и во областа на државните гаранции и при продажбата на градежно земјиште во сопственост на државата. Значи, досега според Законот за државна помош се донесени неколку уредби. Тоа е уредба за нострификација на државнта помош, уредба за помош на неразвиените подрачја, уредба за помош на друштвата со потешкотии во своето работење. И сега создаваме рамка во законот за донесвуање на уредба за хоризонтална државна помош. Во изминатиот период со задоволство можам да ви кажам дека првиот извештај до Европската комисија за државна помош е пратен во февруари и доста позитивно е оценет. Сега се очекува во месец април повторно да дадеме извештај до Европската комисија и очекуваме повторно сигналите да бидат позитивни од Европската комисија. Исто така, измена која што ја предлагаме потребно е да се нагласи дека со предложените измени на Законот се врши укинување на двостепеноста во поставувањето пред Комисијата за заштита на конкуренцијата. Тоа се воглавно измените. И од тие причини предлагам да се прифати со овие измени и дополнувања.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Почитуван господине претседателе, почитуван господине заменик минстре, почитувани колеги,

Сакам сосема на кратко, да го подржам Предлог законот и неговите измени. Мисла дека е многу значајно, барам во две работи. Прво, што се подигнува значењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата што е важна работа и е сериозно приближување кон нормите на Европската унија, со тоа што се укинува двостепеноста на постапките во однос на неа. И втора работа што прецизно се дефинираат областите и дејностите во кои што државата е спремна да пристапи со државна помош. Мислам дека е многу важно сто се специфицирани токму области како што се истражување и развој, заштита на животна средина, вработување и сите елементи поврзани со вработувањето како обука и доедукација. Од друга страна значајно е и тоа што се наброени и специфицирани стопанските дејности што значи дека се дава приоритет за државата на одредени дејности, како што е челична индустрија, индустрија за јаглен, внатрешен сообраќај, воздушен сообраќај, јавни инвестиции, кредитно осигурување итн. Така што добро е кога државата си ги има јасно наброено приоритетите и според нив постапува. Јас би сакала да видам и конкретни резултати од оваа државна помош така што ќе ги следам активностите во таа смисла. Мислам дека во изминатите години државата недоволно организирано пристапуваше кон одредби од овој закон, делумно и поради тоа веројатно што не беа дефинирани толку прецизно областите и дејностите, но делумно и поради недоволно можеби заинтересираност и посветување внимание на оваа област, затоа што ние сме пазарно општество, секако треба да има силна конкуренција, меѓутоа од друга страна има области и дејности каде што државата треба да интервенира поради нејзин интерес и посебно на граѓаните. Значи, целата моја подршка за овие измени и дополнувања.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државна помош.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите 66 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојва Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 пратеника гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отоворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите 67 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државната помош.

**Минуваме на точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на занаетчиска дејност, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделено.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија, Киро Спанџев, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе,

Практичната примена на Законот за вршење на занаетчиска дејност укажува на потребата од спроведување на одредени измени и дополнувања. Со постојниот Закон за вршење на занаетчиска дејност не се опфатени трговците поединци и трговските друштва. И овде предлагаме измена, со воведувањето на трговец поединец и трговско друштво по одредбите на Законот за вршење на занаетчиска дејсност да се овозможи субјектите кои вршат занаетчиска дејност да работат под исти услови на пазарот. Очекуваме одредбата да влијае позитивно на квалитетот на занаетчиските производи, односно услугите. Потребно е да се напомене дека трговецот поединец и трговското друштво се запишуваат под услови и начин утврден со Законот за трговски друштва, а не со Законот за вршење на занаетчиска дејност. Тоа значи дека трговец поединец и трговското друштво и понатаму ќе се запишува во трговскиот регистер, односно бришење од него. Новина во Предлогот за измени и дополнувања на овој закон е при пренесувањето на вршењето на дејноста од страна на занаетчијата, на член на неговото потесно семејство процедурата беше доста сложена. Занаетчијата мораше да добие решение за престанок со дејноста, а доколку членот на неговото семејство е вработен кај него, истиот да добие отказ и да биде ставен на листа на невработени во Агенцијата. Со предложените измени и дополнувања се овозможува членот на потесното семејство да продолжи да ја врши занаетчиската дејност со обврска во рок од 3 месеци да ги изврши потребните формалности околу својот упис во регистерот на занаетчии. Оваа одредба ќе влијае стимулативно на развојот на семејниот бизнис. Со постојните одредби во Законот за вршење на занаетчиска дејсност при донесувањето на решение за времен престанок, престанок со одјава, или престанок по сила на закон, не беше дефинирано правото на жаоба. Со дополнувањето на соодветниот член во Законот за вршење на занаетчиска дејност се овозможува изјавување на жалба против донесеното решение. Исто така, досега регистрацијата на занаетчиите беше во општините и во Министерството за економија, имаме регистрирани занаетчии уште во Министерството за стопанство. Сега со оваа измена се предлага занаетчиите исклучиво да се евидентираат, односно да се регистрираат во занаетчиските комори. Доколку во градот нема занаетчиска комора, тогаш се регистрира во најблиското населено место каде што има регистрирано занаетчиска комора. Исто така, се предлага со оваа измена да вршима усогласување со Законот за прекршоци што е и обврска од Законот за прекршоци кој што е донесен. Воглавно овие се измените и дополнувањата. Ние имавме перманентни разговори со Здружението на занаетчиите и ги усогласивме воглавно сите ставови. Имаше некои недоречености.

На последниот состанок тие се согласија дека оваа измена сега е во ред и поголем дел од нивните забелешки се прифатени.

Од тие причини предлагам да се прифати изменувањето и дополнувањето на овој Закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван господине претседател, почитуван господине заменик министер, почитувани колеги.

Сакам да дадам силна подршка на измените на Законот за занаетчиска дејност. Овој закон е еден од оние кои што долги години се очекуваа и на кој што на некој начин ни помогнаа да го донесеме пријателите од Република Германија, кои што беа подржувачи за изготовка на еден ваков закон. Тие го донесоа целото свое богато искуство за работа на занаетчиите и занаетчиските комори кај нас во Македонија и поради нивната упорност да ни помогнат и покрај нашето спротивставување повеќегодишно сепак тој закон пред извесно време беше донесен.

Јас навистина со задоволство гледам дека овој закон се усовршува и понатаму и дека трпи позитивни измени во насока на подобрување на третманот на занаетчиите од страна на државата и давање поголема доверба на занаетчиите со тоа што државата, во случајот Министерството за економија се откажува од дел од своите овластувања и ги предава директно на занаетчиските комори, така што самите тие ќе вршат упис и регистрација на занаетчиите во нивниот регистар на занаетчии.

Тоа е одлична работа, затоа што само ако се даде доверба на субјектите кои што работат во една област и со стимулирање, се разбира правилно работење може да се постигне поголем ефект и да се постигне поголема мотивација на тие субјекти. Сето тоа оди во насока на создавање на здрави субјекти кои што ќе бидат замајци на економијата во својата област.

Навистина го подржувам и овој Предлог на измени на законот, така што како што бев подржувач на донесувањето на Законот за занаетчиска дејност во првата верзија и сега ги следам сите промени и сето она што значи унапредување на таа дејност го подржувам.

Сакам да кажам уште една работа како аналогија која што може да ни послужи воопшто за разбирање на значењето на еснафското здружување. Во случајот преку Законот за занаетчиска дејност е регулирано постоењето на занаетчиските комори и нивното здружување во силен организиран еснаф. Очигледно штом се отишло понапред со давање овластување на тој

еснаф се видело дека тие се достојни да можат да се организираат и да им се даде таа доверба.

Сакам да укажам дека вакво еснафско здружување е потребно да се направи и во други облсти, дејности од економијата во нашата земја каде што до сега тоа не постои. Директен пример е да речеме здружување и обединување и организирање на еснафот во туризмот каде што конкретно јас со колегите од ДОМ имаме изработено и доставено до ова Собрание Предлог на закон за туристички заедници каде што предлагаме токму вакво здружување на еснафот со верба дека на таков начин може да се направи едно силно зајакнување и подобрување на туристичката понуда во нашта земја.

Значи ја правам оваа аналогија сосема свесно за да го имаме на ум овој закон за занаетчиство како успешен пример по кој што треба да се регулира еснафското здружување и во други дејнсоти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски**: Бидејќи нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на занаетчиска дејност.

Молам службите да достават точен број на пристуни пратеници во салата затоа што ќе преминеме на гласање.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници и сите 65 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е сувоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници и сите 64 гласале за.

Констатирам дека е сувоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Закондоавно-правната комисија поднесе амандман на член 28 за менување на новиот член 52-а со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници и сите 65 гласале за, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на занаетчиска дејност.

**Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

(Пратениците реагираат бидејќи нема претставник на Владата).

Јавено ни е дека пошол, значи уште не стигнал. Јавено ни е пред добри 7-8 минути дека пошол и би требало да пристигне.

Многу е незгодно времето за пауза, но 10 минути пауза додека да дојде претставникот на Владата, бидејќи одамна ни е јавен.

Значи, десет минути пауза.

(Пауза од 13, 37 часот).

(По паузата бидејќи претставникот на Владата сеуште не е пристигнат, претседателот на Собранието паузата ја продолжи до 15,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,11 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 16-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Перо Димшоски.

**Перо Димшоски:** Благодарам.

Би дал краток осврт на Законот за шуми и да кажам зошто ни е потребен ваков закон. Имено, се работи за изменување и дополнување на Законот за шуми. Пред се се однесува на дополнувањето кое е направено во член 29 каде се додаваат два нови става, ставовите 2 и 3, при што се регулира барањето, за едно отсечено дрво претходно да се засадат две или повеќе садници и субјектите кои стопанисуваат со шумите се задолжуваат да доставуваат полугодишни извештаи до Владата на Република Македонија.

Други измени во овој закон се однесуват на казнените одредби кои  со новиот закон се драстично зголемени и се предвидени прекршочни одредби. Сето тоа со цел за поефикасна заштита и чување на шумите.

Понатаму овој закон го допрецизира одгледувањето на шумите и ги обврзува субјектите што стопанисуваат со шумите, повторно да напоменам, да засадат едно или повеќе стебла доколку биде пресечено едно дрво и тоа со цел за да се обезбеди одржлив начин на стопанисување со шумите.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Би сакал да кажам нешто околу овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шуми и пред се би се задржал околу членот 1 односно измена на постоечкиот член 29 од Законот. Инаку со овој член се задолжуваат, или ги обврзува сите фирми или јавните претпријатија кои експлоатираат дрва, за секое исечено дрво да посадат две или повеќе садници. Кога така се каже тоа, изгледа добро, од причини што сите знаеме дека ако исечеме едно дрво треба да посадиме две или повеќе дрва. Но во пракса тоа е малку потешко изводливо од причини што овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шуми, со измена на овој член ќе наиде на препреки во секојдневието. Имено јас тука имам неколку забелешки каде со прифаќањето на овие измени би се суспендирале посебните планови за стопанисување со шумите, кои се однесуваат на сите шумски единици во Република Македонија, за период од 10 години. Во тие планови, покрај останатите активности предвидени се и активности во делот на сечата и пошумувањето, бидејќи врз основа на критериуми се определува видот на сечата, како и определување на површините на кои ќе се врши пошумувањето.

Исто така Владата на Република Македонија секоја година донесува програма за проширена репродукција на шумите каде таксативно се набележан активностите кои треба да се преземат за таа година, со обем на средства за нејзина реализација. Врз основа на таа програма со јавните претпријатија и Македонски шуми, заеднички се определуваат површините на кои ќе се реализираат активностите, одгледувачките мерки, пошумување и тн.

Според мене, а и според мислењето на одредени луѓе со кои имам контактирано во изминатиот период, околу овој Предлог-закон, голем број на стручњаци не се согласуваат, а и јас, мислејќи дека овој закон е прерано донесен, избрзувачки е. За тоа јас имам и амандмански интервенирано, не знам дали ќе се прифати амандманот или не, но имајќи предвид како до сега ни се прифаќаат амандманите од страна на Владата или парламентарното мнозинство, очекувам дека и овој амандман нема да биде прифатен.

Инаку неразбирлива и стручно неиздржлива е констатацијата дека за едно пресечено дрво претходно треба да се посадат две или повеќе садници, на површина на која е извршена сечата. Дали тоа е можно или не, тоа е предмет на анализа, бидејќи, почитувани колеги пратеници, ако денес ние го изгласаме овој закон, за 10-15 дена ќе излезе и во Службен весник и фактички ќе стапи на сила, а законот вели дека претходно треба да посадиме за да отсечеме. Значи ниту едно јавно претпријатие во Македонија, во моментот нема посадено садници за да знае колку ќе има можност во идниот период да врши сеча на одредени места. Значи барем за оваа година секако ќе се наиде на голем проблем, бидејќи овој закон сега го носиме кога фактики на еден начин треба да се почне со пошумување, а како што знаеме пошумувањето се врши во месеци кога треба да ја вршиме и сечата. Затоа мислам дека овој Предлог-закон ќе наиде на голем проблем кај јавните претпријатија. Според мое мислење и како што реков според мислењето на одредена група стручњаци, законот е избрзан и дури и нестручно изработен, од причини што ги наведов.

Не само со јавните претпријатија кои сега вршат сеча и кои треба да вршат пошумување, тоа ќе наиде на проблем и кај приватните стопанственици на шуми, кај здруженијата кои ги застапуваат овие приватници, од причини што и тие ќе наидат на уште поголем проблем затоа што тие, бидејќи си имаат своја површина, исто така треба да сечат на својата површина, а да садат на државно земјиште, а тие луѓе немаат таков интерес да пошумуваат на државно земјиште, затоа што тие ќе си ја сечат сопствената шума односно дрва од својата површина. Затоа мислам дека ќе наиде законот на жестоки критики токму кај приватните стопанственици на шуми, од причини што тие треба да пошумуваат државно земјиште, а знаеме дека никој не е заинтересиран да пошумува на државно земјиште, а да сече од својата шума, а покрај тоа треба претходно да посади, а после да си ја сече својата шума.

Исто така со овој закон се предвидува и пошумување на местата каде се врши проред односно каде се врши сеча заради подобрување на квалитетот на одредени дрвја. Овој закон предвидува пошумување и таму, а како тоа ќе се изведе, тука имаме претставници од Министерството и јас верувам дека и тоа ќе ни го објаснат, а како што знаеме, според постоечките закони треба некаде околу 10 години да се чека за да се изврши природно пошумување на самите сечи или сега кога зборувам за проредите да се обноват. Тоа е што би сакал да го кажам околу овој закон и уште еднаш ќе кажам дека законот е преуранет, дека е нестручно направен, од причини што треба пред тоа да се направи пошумување за секое исечено дрво. Еве за оваа година, како што кажав, за 10-15 дена штом ќе се објави во Службен весник овој закон и штом ќе стапи во сила, ќе треба да се прекине сечата на дрвата, од страна на јавните шумски претпријатија во Република Македонија и на тој

начин можеби ќе дојде до недостаток на огрев за оваа 2007 година.

Бидејќи бев во контакт со одредени луѓе, имам сознание и за некои земји како го изведуваат тоа пошумување, за да не дојде до сеча која нема да се обнови. На пример во соседна Бугарија има посебни фирми, еве сега како што се нашите јавни шумски претпријатија, тие вршат сеча и дотур на дрвјата до одредени пунктови каде има фирми кои доаѓаат овде, лицитираат и кој ќе даде најдобра понуда ги откупува и понатаму тие ги дистрибуираат до населението. Значи тоа е најбитно, бидејќи се работи за овој закн кој пред се сака да ја заштити шумата. Има посебни фирми кои исто така на лицитација добиваат, преку тендер, кои после тоа може да го изведуваат пошумувањето. Значи тоа е посебна фирма која врши пошумување, потоа имаме посебна фирма која врши сеча и доставување до одредени пунктови, како што реков, и фирми кои потоа од тука, ги лицитираат дрвата и понатаму ги дистримуираат до населението. Значи според мене тоа е добро, бидејќи тука во самата шума ќе има одредена фирма и ако има некои неправилности, сеча на необележени дрва и тн., се знае кој ќе биде одговорен, тоа е фирмата која ќе биде овластена за тоа, а сега според нашиот постоечки Закон, знаеме дека во нашите шуми вршат експлоатација јавните претпријатија, имаме приватни шуми, имаме приватни лица кои одат во шумата и сами се снабдуваат со дрва и така доаѓа до големо оштетување или неправилна експлоатација на дрвата од шумите.

Членот кој вели дека субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни за секое исечено стебло претходно да засадат две или повеќе садници на површините на кои е извршена сечата и за тоа да обезбедат доказ, дополнителен проблем според мене ќе биде и доказот. На пример ако треба да исечат околу 100 илјади дрва, треба да посадат 200 илјади садници. Значи тука треба пак да има контрола од страна на Инспекторатот, а колку таа контрола ќе биде исправна и дали тоа можат да го постигнат инспекторите, не сум баш сигурен.

Јас имам некои сознанија, но еве во моментот во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, дали имаат планови каде ќе се врши ова пошумување, дали површините се определени и дали тие површини ги имаат на увид.

За да не ме некој погрешно разбере дека сум против овој закон, да кажам дека јас сум за пошумување, јас го кажав моето мислење на кој начин треба да се врши ова пошумување, сум дури не две, нека бидат и три, но сепак мислам дека овој Предлог на закон во моментот е избрзан, треба да се доработи. Проблем ќе биде особено во оваа 2007 година и затоа предлагачот би требало да го повлече овој закон и да го доработи.

Еве јас толку би имал околу овој Предлог на закон, имам поднесено и амандман и подоцна ќе се вклучам во дискусијата и ако евентуално сум нешто заборавил, ќе се дополнам после во амандманската расправа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите.

Пред да гласаме, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата, да влезат бидејќи ќе пристапиме кон гласањето.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 57 пратеници, од кои 51 гласале за, нема воздржани, 6 гласале против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се во салата.

Во моментот на гласање во салата имаше 61 пратеник.

Вкупно гласаа 52 пратеници, од кои 40 гласале за, нема воздржани, тројца пратеници гласаа против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 4, член 4 ставови 5 и 6, член 6 став 3, и на член 7 став 2.

Пратениците Аце Киров и Влатко Серафимов поднесоа амандман за бришење на член 1 по кој владата не се произнела.

Пратеникот Ристана Лалчевска поднесе амандмани за додавање нов член 1-а, по членот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Додовски поднесе амандман за додавање нов член 8-а по членот 8, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1, поднесен од пратениците Ацо Киров и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Перо Димшоски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, ние не го прифаќаме овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Киров Ацо.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Јас реков дека ќе кажам нешто околу амандманот, кој што го имаме поднесено јас и колегата Влатко Серафимов.Јас знаев дека заменик министерот односно предлагачот нема да го прифати овој амандман, бидејќи фактички овој амандман значи суспендирање или бришење на членот 1, кој фактички е најбитен. Со овој Предлог закон за измени и дополнување на Законот за шуми, причините ги кажав поради кои е штетен овој Предлог закон сега да го донесеме, затоа што е избрзан. Само овде околу овој амандман би сакал да кажам дека гарантирам нема да зборувам многу, бидејќи тоа нема да го предомисли заменик министерот, ниту пак парламентарното мнозинство, би кажал еве нека се консултираат колегите пратеници од парламентарното мнозинство и заменикот министер и министерот со стручњаци од ВМРО ДПМНЕ кои ја познаваат оваа област, јас гарантирам дека и тие нема да се сложат со овој Предлог на закон со членот 1. Еве, само нека се консултираат со луѓето кои добро ја познаваат оваа проблематика, дека и тие ќе кажат Предлог законот е избрзан и не е сега време. Тој треба да се доработи, да се допрецизира па потоа да се донесе овој предлог закон за измена и дополнување на шумите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи, повеќе нема пријавени за збор, го заклучуам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 62 пратеници.

Вкупно гласале 60, за гласале 9, нема воздржани, 51 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 1-а, по членот 1, поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска, под архивски број 07-1252/5.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Перо Димшоски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, ние не го прифаќаме овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Лалчевска Ристана.

**Ристана Лалчевска:** Го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска, под архивски број 07-1252/6.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Перо Димшоски:** Амандманот од пратеникот Ристана Лалчевска не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Она што се нуди со амандманот, всушност и не е нешто новина, бидејќи вакво решение беше содржано во основниот закон за шуми, меѓутоа со последните измени, беше избришана таквата одредба. Со оглед на тоа што се избриша таквото решение од Законот за шуми, досегашната практика покажа дека од примената, од бришењето на оваа одредба до сега се предизвикани неконтролирана сеча, поготово на ретки дрвја. Токму органите на инспекција на шумството сигнализираа дека е потребно да се врати старото решение, како би се ставило крај на таквата неконтролирана сеча на дрвја надвор од шумите, а посебно на ретки видови на дрвја. Од тие причини беше и поднесен амандманот, а јас жалам што ресорното министерство не најде разбирање за потребата од враќање на вакватa одредба. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето во салата се присутни 62 пратеници.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале 10, еден се воздржа од гласање, 46 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претеставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Перо Димшоски:** Амандманот во однос на општиот план за стопанисување со шумите, кој треба а се донесе до 31 јули 2009 година се прифаќа од Владата.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 ставови 5 и 6 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Перо Димшоски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, предлагам овој амандман а се усвои, бидејќи се прифаќа од Владата.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Перо Димшоски:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претеставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Перо Димшоски:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8-а по членот 8, поднесен од пратеникот Марјан Додовски.

Го молам претеставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Перо Димшоски:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред да гласаме, би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во салата имаме 61 пратеник.

Предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58, од кои 51 пратеник гласале за, нема воздржано, 7 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите.

**Минуваме на точка 17. - Предлог на закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.**

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ацо Киров и Влатко Серафимов поднесоа амандмани на член 9 став 2, по кои владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратениците Ацо Киров и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Перо Димшоски:** Овој амандман не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Киров Ацо.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Мојата и на колегата Влатко Серафимов интервенција беше околу член 9 за став 2. Инаку, овде се кажува дека на прдлог на стручната комисија министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе овласти научна или стручна инситуција од обласста на шумарството, која ќе ги извршува работите на издвојување на провицијенските подрачја. Значи, со овој амандман сакавме само да го подобриме текстот и да се допрецизира односно да се заштити собирањето на семенскиот материјал за садници, од причини што до сега, исто така, имам сознанија и се консултирав со луѓе кои ја познаваат оваа област. Тоа е добро како прво дека ќе има посебна научна или стручна институција која ќе ја одреди областа каде ќе биде собирањето на семенскиот материјал. Но, во досегашната практика имаше проблем токму околу собирањето на овој семенски материјал. Се беше определено, областа беше утврдена, но имаше еден друг проблем. Проблемот во досегашната пракса беше што после собирањето на семенскиот материјал не беше контролирано од институцијата, која што требаше да го удри

печатот дека овој семенски материјал е квалитетен и дека ги исполнува стандардите и дека ќе нема понатамошни негативни последици. Или, семенски материјал кој негативно ќе се одрази во натамошната седиба за садници. Значи, тоа не беше контролирано од факултетот за шумарство, кој фактички даваше согласност за овој семенски материјал, па затоа со овој амандман сакавме да го допрецизираме и покрај одредувањето на провинцијанската област, Институтот да оди до крај, што значи да ја надгледува оваа област и да го надгледува собирањето на овој семенски материјал. Сега, што може да се случи. Значи, може да се случи пак јавните претпријатија да го соберат семенскиот материјал, а во досегашната практика било, барем така кажуваат, и сигурно е така, дека семенскиот материјал многу пати веќе преминува во пракса, јавните претпријатија да не го собираат од подрачјата каде и кои се определени за тоа. Значи, тоа не беше по овој амандман, а ако беше прифатен со додавање на зборовите “и ќе ги надгледува истите до собирањето на семенскиот материјал”, немаше ништо да се погреши само ќе беше подобро. Но, од кои причини, од кои причини заменик министерот или предлагачот не го прифати, јас не знам. Со тоа се дава можност пак да се манипулира, пак да се собира неквалитетен семенски материјал, кој што негативно ќе се одрази на луѓето односно на фирмите во земјите каде што извезуваме семенски материјал, а извезуваме во некои соседни земји. Значи, само ќе се допрецизираше и ќе се одеше со едно квалитетно собирање на овој семенски материјал. Еве, сега, бидејќи не е прифатен овој амандман и бидејќи нема да биде надгледуван од оваа институција, јас мислам, да не гарантирам дека пак ќе биде по старото, односно јавните претпријатија пак ќе собираат од каде што сакаат т.е. нема да бидат контролирани. Затоа, ќе имаме неквалитетен семенски материјал.

Толку околу овој амандман, бидејќи повеќе нама да се јавувам за збор, би го искористил моето јавување, сепак, за претходниот Предлог закон министерот требаше барем да се обрати и да и каже на македонската јавност зошто е донесен овој закон таков каков што е со овој член 1. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да гласаме, ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласањето.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 59 пратеници, 8 гласале за, 4 воздржано, 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеник господин Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Пред да преминеме на гласањето јас би сакал да кажам од името на СДС дека овој закон е добро изработен, без разлика што јас имав една амандманска интервенција и не ми беше прифатена, но сепак би кажал дека е добро изработен по европски стандарди.

Единствена забелешка е тоа што требаше малку порано да се донесе, бидејќи овој закон беше изработен уште во мај 2006 година. Значи, законот е со европски стандарди, СДС ќе го поддржи, бидејќи голем дел од овој закон е изработен од претходната Влада, со мали надополнувања од сегашната Влада.

Овој закон го поддржуваме целосно бидејќи е по европски стандарди. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 60 од кои сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

**Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за безбедност на козметичките производи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот и извештаите на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам потпретседателе.

Со потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија, нашата држава презема обврска да обезбеди компатибилност на националното законодавство со законодавството на Европската заедница.

Законодавството на Европската унија што се однесува на козметичките производи е засновано на правилата што ги поставува единствениот пазар, при што заради заштита на јавното здравје востановува правила во однос на составот и означувањето на овие производи.

Постојното законодавство на Република Македонија веќе има одредени регулации на производството, прометот и контролата на козметичките производи. Конкретно Законот за здравствена исправност на животните намирници, предметите за општа употреба, а како предмети за општа употреба ги дефинира средствата за одржување на лична хигиена, за нега за разубавување на лицето и телото како и амбалажа на тие средства и ги пропишува условите што треба да ги исполнуваат животните намирници и предметите за општа употреба за да бидат произведени и пуштени во промет.

Дополнително, со Правилникот за условите во поглед на здравствената исправност на предметите за општа употреба што може да се пуштат во промет, се утврдуваат и видовите средства за одржување на лична хигиена, за одржување и нега на лицето, како и условите во поглед на здравствената исправност што треба да ги исполнуваат предметите за општа употреба, а се пуштаат во промет.

Меѓутоа, постојните наведени прописи не го следат развојот на модерната технологија, зголемениот интензитет на употреба, примена на новите синтетизирани ингредијенси од синтетско и полусинтетско потекло и не содржат одредби за следење на безбедноста на козметичките производи, преку контрола на ингредијенсите, нивната хемиска структура, профилот на токсичност и начините на изложеност.

Исто така, постојното законодавство заостанува и во поглед на научниот и технички напредок што е постигнат во областа на методите за проверка на составот на козметичките производи.

Со оглед на тоа што постојното законодавство нема прецизна дефиниција за козметичките производи, како што се средства за одржување на лична хигиена, за нега и разубавување на лицето и телото, постои можност за мешање на овие производи од оваа група во групата на лекови односно помошни лековите средства. Користењето на постојната дефиниција на европското законодавство ќе овозможи јасна дисктинција на козметичките производи од лековите, преку определување на начинот на примена и целта што треба да се постигне со нивната употреба.

Конкретно, основната цел што ќе се постигне со донесување на овој закон за заштита на здравјето на населението, преку обезбедување квалитетни и безбедни козметички производи, ќе се постигне заштита на животната средина, еднаков третман на домашните и странски производители и отстранување на трговските бариери со цел за обезбедување слободен проток на стоки.

Конкретно, во образложението може да се види дека законот е поделен конкретно во 8 глави, што се добро образложени. Исто така, постои кореспондентна табела што е поделена во однос на, значи овој закон е целосно хармонизиран со европското законодавство и пратениците можат да имаат увид, во конкретно, кон ЕУ-легислативата и тоа што е содржината на овој Предлог-закон. Така што, тоа би било накратко.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Пратеничката група на СДС ќе го поддржи донесувањето на овој закон. Меѓутоа, имаме сериозни укажувања на одредени одредби од овој закон.

Точно е дека оваа материја до сега се регулирала со еден друг закон, тоа е Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба и добро е што за прв пат во државава се донесува ваков закон што ќе ја регулира состојбата со безбедноста на козметичките производи, на кои што, повеќе или помалку, без исклучок, скоро сите сме конзументи.

Законов е многу краток и како општ мој впечаток од содржината на законот, од текстот на законот, е дека практично овој закон нуди големи дискрециони овластувања на министерот за здравство. Ако се има предвид дека сите се залагаме за намалување на дискреционите права на луѓето носители на јавни функции, особено на министрите, мислам дека овој закон е во тотална спротивност од заложбите за кои што сите се залагаме.

Како што кажав, законот е краток, но ако се погледне ќе видите дека, со исклучок на она што значи дефинирање што е козметички производ, што е готов производ, поимникот, ќе видите дека останатите одредби, скоро сите членови од законот се овластувања на министерот за здравство. Па така:

- производството на козметичките производи производителот мора да го врши во согласност со добра производствена пракса,

- при производство на козметичките производи производителот е должен да употребува само супстанци од листата на супстанци,

- при употреба на средствата за боење производителот треба да ја применува листата на бои,

- при употреба на конзерванси при производство, производителот треба да употребува конзерванси според листата на конзерванси,

- при употреба на листата на УВ - филтри производителот треба да произведува УВ - филтри врз основа на листата.

И сите тие, и испитувањата на козметичките производи ќе се оценува во согласност со добрата лабораториска пракса. За да, сите тие, со два члена се даваат во надлежност да утврди што е добра производствена пракса, што е листа на супстанци, што е листа на бои, што е листа на конзерванци, што е листа на УВ-филтри и што е добра производствена пракса, се дава

надлежност сите овие работи да ги утврди министерот за здравство.

За да на крајот, ако се има предвид дека надзорот пак го врши министерот и надзорот или контролата на производството ќе го вршат лабораторији кои што ќе ги овласти, повторно, министерот за здравство. Ако видите, малку по малку овој закон добро е да го внесеме, одредбите на овој закон да ги уредиме со Законот за Владата или за органите на државна управа, па таму да бидат надлежности на министерот за здравство.

Друг орган овде што дава согласност, што испитува, што проверува, нема. Имаме големи дискрециони права на министерот за здравство. И, ако се има предвид пак, во преодните одредби, што за мене кријат многу опасна ситуација, каде што лабораториите кои што вршат испитување на здравствената безбедност на козметичките производи се должни своето работење да го усогласат во рок од две години од денот на донесувањето на овој закон, а министерот за здравство ќе овласти лаборатории за вршење на испитувањата на здравствената безбедност на козметичките производи, значи после тие две години, откако ќе почне да добиваат овластувања овие лаборатории, врз основа на акредитација, значи давање на огромно дискреционо право на министерот за право, не само да ги пропишува условите, да овласти, да даде лиценца без да има пропишано кои услови треба да ги исполнуваат. Во законот нема кои услови треба да ги исполнуваат тие лаборатории кои, по усогласувањето со овој закон, тоа е две години, што е голем период од две години, а после тие две години ќе почне да се дава овластување или лиценца врз основа на акредитација, на прописите на акредитација, што остава можност уште две години министерот за здравство да дава овластувања кои лаборатории ќе ја вршат оваа контрола, без да има поконкрено во овој закон пропишано кои услови треба да ги исполнуваат овие лаборатории или пак да имаме некоја упатна одредба врз основа на која што ќе можеме да оценуваме дали одредена лабораторија ги исполнува условите или не ги исполнува, или таа лабораторија ќе добие овластување за овие две години само врз основа на добрата волја на министерот.

Уште еднаш да кажам, ќе го поддржиме овој закон,  но со сериозни забелешки, затоа што во пракса ова може многу да ни се удри од глава. Се работи за бројни, еве јас му предлагам на предлагачот да подразмисли, ова е, да кажам, во преодните и завршни одредби скриена ситуација што може да предизвика страшни последици и револт кај луѓето кои и денес се занимаваат со оваа дејност, а кои ќе можат да бидат, врз основа на овој закон, затоа што сите закони што ја регулирале оваа материја, со влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат. Тука, на луѓето ќе им нема спас, затоа што немаме пропишано ниту услови ниту процедура, туку се ќе зависи од добрата волја на министерот за здравство.

Ова бев должна да го укажам, мислам дека очекувам предлагачот да го има во предвид, еве нека размисли, може во кратко време да пристапи кон измени, односно дополнувања на овој закон, токму во онаа насока што јас ја кажав, затоа што може да се случи монополизација за две години на одредени фирми што се занимаваат со ваква дејност. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за безбедност на козметичките производи.

Пред да ве повикам на гласање ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да доставаат точен број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласањето.

(Пратеници влегуваат во салата)

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Сега имаме 62 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, гласале 60, сите 60 гласале за. Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, гласале 59, сите 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 22 став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Владимир Лазаревиќ, заменик министерот за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 63 пратеници. Вкупно гласале 60 пратеници, сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за безбедност на козметичките производи.

**Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Законодавно-правната комисија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:**

Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани пратеници,

Практиката на спроведување на игри на среќа и развој на дејноста во Република Македонија бара одредени измени, кои што Министерството за финансии како ресорно Министерство ги нуди за овој Предлог на измени и дополнувања на Законот за игри на среќа и забавните игри.

Накратно ќе укажам на поважните измени кои што тука ги нудиме. Имено, една од побитните измени се однесува на оданочувањето на приходите од игри на среќа, кои што ги приредуваат лицата, односно субјектите кои што се занимаваат со оваа дејност. Досегашната практика, на законската одредба беше да се оданочува 19% од разликата меѓу уплатите и исплатените добивки. Практиката покажа дека не реално се прикажуваат овие добивки и на тој начин се избегнува обврската за плаќање на данок, а со тоа се намалуваат средствата со кои што државата располага, а знаеме дека овие средства меѓу другото се користат и за финансирање на некои хуманитарни цели.

Од таа причина, Министерството за финансии предлага да се оданочува со многу пониска стапка на вкупниот приход на влезот на уплатите со 4%, а од 1 јануари 2008 година предлагаме измена во начинот на користење на средствата од игрите на среќа со тоа што 50% од средствата за последната давачка да одат во посебен фонд за изградба на спортски терени во Република Македонија, со цел да се обезбеди континуиран избор на средства од кој може да се финансира изградбата и одржувањето на спортските терени во Република Македонија. Практиката на запуштеност на спортски објекти го наоѓа ова како еден од приоритетите во областа на спортот и физичката култура. Овој начин на финансирање е присутен и прифатен во голем број на развиени земји.

Исто така, една од покрупните измени за која што се разви дискусија во јавноста, дури Министерството за финансии се консултираше со така засегнатите страни, преведувчи на игри на среќа, обложување на спортски натпревари, се однесува на следново. Имено, со постојниот закон организации регистрирани според Законот за здружение и граѓани, како спортски друштва, има можност да организираат игра на среќа, обложување на спортски натпревари. Според законската одредба таа лиценца или тоа право им беше дадено на 9 месеци, значи ограничување на 9 месеци со тоа што во една календарска година не може да се продолжи дадената лиценца. Ова некои од организаторите на ирги на среќа го изигрувааа, пререгистрирајќи се постојано, и така вршејќи притисок на Министерството за финансии измислувајќи најразлични имиња, начини како да се дојде до лиценца. Извесен временски период таквата практика се толерирала. По една општа анализа ние утврдивме дека мал број од тие субјекти кои што организираат обложување на спортски натпревари се навистина спортски друштва, затоа што ретко може да се најде во Република Македонија спортско друштво кое што може за 9 месечна лиценца за приредување на нова игра на среќа треба да плати 30 илјади евра, а исто така да обезбеди милион денари за гаранција за добивките. Имено, сакавме да воведеме ред во дејноста и јас можам со задоволство да кажам дека објаснувајќи го новото решение и на оние кои што се занимавале со оваа дејност и учествувале со таквата практика наидовме на разбирање.

Имено, сега со новото решение невладини организации, спортски друштва нема да имаат право да приредуваат игра на среќа обложување на спортски натпревари, туку тоа ќе може да го организираат само трговски друштва. За да го олесниме транзицискиот период за пререгистрација да остане конкуренцијата што е така присутна во оваа дејност, но со ред како што споменав, предлагаме со доставениот амандман многу мал праг на потребен капитал, главнина на основање на трговско друштво за организирање на игри на среќа обложување на спортски натпревари од 200 илјади евра. Постојното решение во законот за трговски друштва кои што може да ги организираат и да се регистрираат за повеќе игри на среќа изнесува 2,5 милиони евра. Значи, на овој начин овозможуваме да се пререгистрираат сите оние субјекти кои што сакаат да се занимаваат со оваа игра на среќа. Тоа беа основните измени. Благодарам на вниманието.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, почитуван министре.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Само накратко во овој дел од дискусијата по Предлогот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и забавни игри. Во смисла на тоа да упатам неколку прашања до министерот. Би сакал да знам за колкава сума на средства се работи. Колку изнесуваат овие 4% од вкупните приходи на остварените уплати од продажба во апсолутен износ, да знаеме од прилика за која сума на средства се работи и ако министерот има такви податоци да ни каже една компарација во однос на претходната сума колку се собирале, кога оданочувањето се вршело на разликата помеѓу уплатите и расходите во висина од 19%. Би сакал да прашам што се планира со оние други 50% кои што остануваат како приход во Буџетот на Владата на Република Македонија по основ на оваа давачка која што сега треба Парламентот да ја изгласа, на предлог на Владата да се воведе.

Исто така, би сакал да прашам дали Министерството има анализи со ваквото менување на основицата која што треба да се уплати да се организираат игри на среќа, колку од постојните друштва кои што се занимаваат со игри на среќа можат да одговорат на овој ценzус и дали очекуваат зголемување или намалување на приредувачите на овие игри на среќа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Веднаш на делот од поставените прашања ако ги сакате одговорите. Нема посебна аналитика за оделни игри на среќа, како што е на пример обложувањето на спортски натпревари и не можеме да претпоставиме колкава ќе биде разликата во наплатата на средствата, затоа што навистина, тоа ќе зависи од самата практика. Не можеме тоа да го направиме врз основа на историски податоци. Ако сакаме да презентираме неколку историски податоци за 2006 година, вкупно посебни давачки за игри на среќа и забавни игри во Буџетот на Република Македонија се собрани близу 90 милиони денари 89.733 илјади. Јас можам овде да ги презентирам и податоците по месеци, но тоа најверојатно нема да биде многу интересно.

Во врска со последното прашање што го поставивте, ќе одам со ред, не бележев, но по меморија, поставивте прашање што со остатокот од 50% од средствата кои што остануваат, откако ќе се поделат овие 50% за изградба и одржување на спортски терени.

Според законот, е регулирано дека тие средства на конкурс со посебни програми се доделуваат на невладини хуманитарни организации, затоа што, за тоа се одделени делот од средствата и тој конкурс го објавува во јавните гласила на транспарентен начин Министерството за финасии.

Во однос на прагот, само да ви спомнам дека од контактите со некои приредувачи на игри на среќа, обложување на спортски натпревари, кои што досега функционирале како така наречени спортски друштва, дознавме дека дел од нив беа подготвени да се регистрираат или да се пререгистрираат, плаќајќи 2,5 милиони евра. Ова, со 200 илјади евра е големо олеснување и ние очекуваме најголемиот број од нив да се регирстрираат како трговски друштва и на таков начин да функционираат во една редовна процедура во системот.

Можам да ве известам дека според нашите информации, затоа што во очекување на изгласување на овој закон не ги продолжувавме лиценците, еден добар дел од овие субјекти започнаа со пререгистрирање како трговски друштва. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Мислев да дискутирам кога ќе дојде амандманот од групата пратеници од СДСМ, но, бидејќи министерот рече нема посебна аналитика и не може да се предвиди колку средства ќе се соберат, мислам дека, или немало историски податоци, влегуваме или под знак на прашање ја ставаме заложбата која што ја има во овој член 3, односно во втората алинеја која почнува да важи од 1 јануари 2008 година.

Имено, во членот 3, иако некој го спори тоа дали има двојно оданочување, јас тоа нема да го коментирам, тоа писмо гледам стигнало и до пратениците и до министерот за финансии, тој ќе оцени дали има таму двојно оданочување, или не.

Она што јас сакам да го прокоментирам, алинејата 2 е типично политиката на ВМРО-ДПМНЕ која одговара на периодот после 1945 година, каде што со еден популистички термин се оди во најави на разни активности и тука е одбран терминот изградба и одржување на спортски објекти во сопственост на Република Македонија. Мислам дека ако нема аналитика и ако нема историски податоци, или нема предвидување, како што вели министерот, или не може да се предвиди, го цитирам, тогаш останува непознаница на кои спортски објекти се мисли, која е таа проекција што Владата ја има, зошто токму 50% да се дадат на спортски објекти и ќе се согласат сите овде во салата дека ова го имавме еднаш. Во Владата на Горгиевски и Груевски исто имаше 50 спортски сали што се правеа низ Македонија кои денеска се само ругло во 90% од случаите. Има општини, сега не можам да ви ги набројам сите, каде што стои само металната конструкција, или има само трибини направени, или нема под, или нема струја. Во

еуфоријата пред изборите само се тргна во една варијанта на узурпација на одредени делови, демек ќе се граделе спортски објекти и сали. Ова да ме убедите дека ќе биде транспарентно, нема да ме убедите многу, бидејќи вие се уште не сте одговориле на 10 пратенички прашања на пратеничката група на СДСМ, но мислам дека кога Министерството за финасии, кое претендираме дека е чуварот на нашата каса, не знае колку пари ќе се соберат, тогаш се поставува прашањето колку се 50% од не знам и колку е тоа, колку сали можат да се изградат со 50% не знам. Мислам дека кога си играат со популизам други министерства, ајде некако ќе го одбраниме тоа. Но, кога и Министерството за финансии влегува во една ваква варијанта, кое треба да биде чувар на касата, а не знае што ќе се случи, а немало историски податоци, ако податоците овде што се менуваат во овој закон се само зголемени вредности на некои надоместоци што и досега се плаќале. Значи, не се плаќа сега 2, се плаќа 3, не се плаќа 1150, се плаќа 1725, не се плаќа 250, се плаќа 375, итн. Значи, имало некоја проекција, знаеме колку пари тоа може да донесе. Затоа, мислам дека не е одговорно од министерот за финансии да кажува овде дека немаме, уште еднаш да цитирам, нема посебна аналитика и не може да се предвиди. Ако не може да се предвиди, тогаш, не можеме да одвојуваме виртуелно за спортски објекти, кои што воопшто само ќе бидат заложници на популистичка политика, а нема да дојдат на светлината на денот. Или ова е начин да се соберат пари да се изгради салата во Скопје, што може слобоно да се каже, не е проблем, но да се каже. Но, да влеземе во една варијанта сега како пратеници, да нагодуваме за некои спортски објекти, кои се тие спортски објекти, што се подразбира под спортски објекти, кои типови на спортски објекти, од која гранка тие ќе се одржуваат, кои се приоритетните спортови што како држава ние ќе ги помагаме. Кога го дискутиравме Буџетот, дискутиравме дека една репрезентација мака мачи да оди на едно патување. Или, за неуспешниот обид на иницијативниот одбор за упад во фудбалскиот сојуз ќе му направите на спортски објект да се забавуваат, бидејќи не успеаа да влезат во фудбалската федерација. Многу непознаници за еден закон што доаѓа од Министерството за финансии. Мислам дека тука ни фали едно објаснување кои се тие спортски објекти, од кој тип кои ќе се изградат и ќе се одржуваат и колку средства ќе се соберат. На овој начин предвидува Министерството, може да направи една проекција, но да имаме констатација да кажеме дека нема посебна аналитика и дека не може да се предвиди, мислам дека е неодговорен однос овде кон институцијата Собрание и тука да даваме такви оценки. Јас ќе зборувам дека тие 50% можат многу попаметно да се наменат. Тоа ќе го споделам со моите колеги од пратеничката група на СДСМ, имаме неколку амандмани, но во оваа првична варијанта, значи нека останам на прашањето за изградбата и одржување на спортски објекти под прашалник, кои се тие, од кој тип и дали 18% од вкупниот износ не се дел од двојното одданочување, кој што можеби не е така. Едно писмо кое што го добивте вие министре гледам дека сте во листата, го поставуваат голем број сопственици и организатори на ваквите игри на среќа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика има министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Дозволете еднаш да одговорам на прашањето кое што беше 4-5 пати поставено. Повторено со истата констатација. Не е прв пат прашање од друг пратеник прецизно да се спојува накриво со одговорот кој што го дава министерот. Значи, прашањето беше за еден тип на игри на среќа, тоа е оложување на спортски натпревари. Кажав дека за тој тип посебно нема податоци, затоа што овие давачки прибрани во Буџетот на Република Македонија се уплаќаат на една сметка и така се водат. Во иднина, ние навистина, не можеме со сигурност во овој момент да предвидиме како ќе се однесуваат граѓаните на Република Македонија во нивните преференции да учествуваат, или да не учествуваат во игрите на среќа. Сега не е ноември или декември месец, министерот за финансии да одговори на прашање кои се однесуваат на проекции кои што ќе треба да следат во предлогот на Буџет за 2008 година, затоа што прашањата овде што се поставуваат конкретно за намената што овде се предлага, се однесуваат токму за тој Буџет.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За контра реплика се јави господин пратеник Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Барем од овие 7 месеци се научивме на нешто. Господинот Славески не сака да одговори на ниедно прашање. Само тоа ќе го цени некој. Што да правиме? Ако немате предвидено колку ќе играат граѓаните е да кажете колку господинот Груевски играше на рекламирање во странски медиуми и во јануари колку потроши пари од државната каса за рекламирање на Инвест Македонија. Барем за тоа знаете. Тоа не е играчка. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор господин пратеник Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе, почитувни колеги пратеници, почитуван министре,

Јас сум за разлика од многу мои колеги во овој Парламент еден од луѓето што не се среќници или одат често во спортски кладилници. Има поголеми експерти и мислам дека можат многу повеќе да зборуваат за оваа проблематика. И искрено се пријавив со една мала доза на скепса, затоа што сметав дека, основено не сакав да зборувам, или да прашам нешто во една одредена сфера бидејќи јас лично немам големо искуство. Можеби моите колеги што почесто одат

во спортски кладилници ќе имаат повеќе сенс и повеќе ќе прашуваат.

Јас да бидам искрен, се видов со луѓето со кои што и вие сте се виделе во вашиот кабинет и имав само намера во тој сегмент, веројатно, после тој разговор што сте го имале, каде што ви посочиле дека и вие тоа сте го кажле дека ние како држава немаме посебни искуства во овој сегмент. Зборувам за спортските кладилници, бидејќи не знаеме како ќе одат овие измени, особено по нивно кажување, без да навредам никого, делот од законот го работеа луѓе, кои што сепак, немаат искуство, а бидејќи ми доставија некои податоци, за кои не сму сигурен дека се вистински, меѓутоа, може да се провери. Претпоставувам дека вие сте ги провериле, каде што тврдат дека здруженијата на граѓани во овој сегмент до сега инвестирале од дејност десетици милиони евра.

Поточно вработуваат повеќе од 4 односно 5 илјади лица, платиле спрема државата вкупно по основ на еднократни одобренија повеќе од 20 милиони евра, повеќе од 10 милиони евра посебна давачка од игри на среќа и повеќе од 8 милиона евра годишно за плати и придонеси на вработените.

Чисто сакав да поставам едно прашање, бидејки прв финансиер во државата, а особено што пред два три дена во средствата за јавно информирање излезе и Извештајот од Републичкиот завод за статистика дека има зголемување на невработеноста во Република Македонија, а една од основните идеи со кои оваа ваша Влада дојде во позиција на власт беше дека ќе ја намалуваме вкупно невработеноста во Република Македонија, дали оној страв што луѓето што се бават со оваа дејност имаат дека со покачување на овие норми како финансиски во тој сегмент, најголем дел од кладилниците ќе ги затворат и најголемиот дел од тие 4 илјади луѓе ќе останат без работа.

И второ прашање, дали не сметате дека на ваков начин, со кревањето на цензусот, се фаворизираат одредени кладилници кои се финансиски моќни, меѓутоа, по некои мои скромни сознанија работат со пари дојдени од страна, а кои не се проверени. Прашањето е конкретно дали имате во тој дел некои сознанија и веројатно законот ќе биде изгласан вака како што е, дали ќе дојде до затворање до 90% од овие кладилници и дали во тој дел ќе бидат привилегирани, условно речено, некои кладилници кај кои парите со кои работат не се баш 100% проверени и чисти. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Ова е обид за одговор на прашањето на почитуваниот пратеник. Како што споменав, под плаштот на спортски друштва, невладини организации и т.н., институции кои можеле да бидат регистрирани како трговски друштва заради некои погодности тоа не го правеле. Контролата биламинимална. Ние сакаме тоа да го надминеме. Очекуваме со малиот праг од 200 илјади евра на основна главнина најголемиот број од нив да се пререгистрираат, имајки предвид дека навистина тука се инвестирани, како што беше кажано, значителни средства.

Од аспект на вработенсота и невработенсота овде не би сакал да коментирам. Не сме сигурни дека сите лица што се ангажирани во овие дејнсоти се редовно пријавени, вработени, се плаќаат давачки ит.н., а самата одлука на Владата за симнување на прагот на само 200 илјади евра основна главнина, 200 илјади евра господине Рахиќ ќе се согласите дека е вредноста на просечна просторија со опремата со која и денес работат и располагаат просечните кладилници како што вие ги нарекувате или обложовалници. Тоа нема да биде никаков проблем.

Оттука, отпаѓаат сите тврдења дека со ова се фаворизирале одредени субјекти. Напротив, ние сакаме како и во сите други дејности да се задржи конкуренцијата, но да се воведе ред дека нема состојби на нелегални активности, прилив на капитал од страна, носење на кеш надвор од земјата и слично.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Пред да ве повикам да гласаме, ги замолувам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Во салата нема кворум за гласање).

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе гласаме.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум, но седницата се прекина).

Почитувани колеги,

Овде завршуваме со денешната работа.

Ќе продолжиме утре во 11,00 часот со истата седница, а по завршувањето на оваа седница ќе продолжиме со 34-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата прекина во 16,48 часот).